# НАЦРТ План на активности на Владата на Република Македонија
## подготвен врз основа на
## Листата на итни реформски приоритети за Република Македонија (Јуни 2015)
## (натаму во текстот: План на активности за реализација на итните реформски приоритети 2015 или ПАРИРП-2015)

Работен документ: 25.02.2016

## Вовед

Во насока на надминување на политичката состојба во Република Македонија, како резултат на обновениот политички дијалог потпомогнат директно од страна на Комесарот за соседство и пристапни преговори, претставниците на Европскиот Парламент, како и амбасадорите на ЕУ и САД во Република Македонија, на 17.06.2015 година ни беа предадени два документа (забелешка: истите беа доставени и до четирите политички партии и објавени на веб-страната на ЕК-ДГ НЕАР, на 19.06.2015, од кога се целосно достапни и за пошироката јавност),

1. **Листа на итни реформски приоритети за Република Македонија (јуни 2015), и**
2. **Препораки на група високи експерти за системските прашања од владеење на правото во врска со следењето на комуникациите објавени пролетта 2015 година**.

Листата на итни реформски приоритети, како официјален документ на ЕК, односно ДГ НЕАР, е директно поврзан со Препораките на групата високи експерти, поради што двата документа треба да се третираат интегрално, вклучително и сите други референтни документи и забелешки (ООН, Совет на Европа, ОБСЕ и др.), на кои се упатува при дефинирањето на наодите и препораките по пооделните области.

**Во овој НАЦРТ План на активности за итни реформски приоритети, поместен во продолжение, се интегрирани препораките од Извештајот на Комисијата за испитување на настаните во СРМ од 24/12, како и нереализирани обврски од Пристапниот дијалог на високо ниво (ПДВН), вклучително и оние поврзани со меѓуетничките односи и економското управување (и Управување со јавните финансии).Во поширок контекст на процесот на ЕУ интеграција, треба да се имаат предвид и нереализираните наоди и препораки од Извештајот на ЕК за напредокот на Република Македонија и актуелните обврски во рамките на Спогодбата за стабилизација**

Иницијалниот став на четирите најголеми политички партии за спремноста за имплементација на постигнатиот **Договор од 02 јуни, дополнет со Анексот од 19 јуни и Протоколот кон Договорот од 15 јули**, создава основа за конкретна имплементација на листата на итни реформски приоритети.

Во однос на **динамиката на реализација** на предложената Листа на итни реформски приоритети, треба да се земе предвид утврдената временска рамка во меѓу-партискиот Договор од 02 јуни и неговиот анекс од 19 јуни и Протоколот кон Договорот од 15 јули, односно дефинираниот **„транзициски период“** до одржувањето на **следните парламентарни избори закажани за 24 април 2016 година (поместени за 5 Јуни 2016 година).**

**Во Планот на активности за итни реформски приоритети,** поместен во продолжение**, се утврдени (во колоните од лево кон десно),**

- **Препорака**, односно препораките од ЕК (јуни 2015), односно препораките од Комисијата за истраги (24/12) за точка 4 од Планот, и ПДВН приоритетите (оние кои сеуште не се реализирани)
- **Мерка**, со која се постигнува напредок кон реализација на дадената препорака или истата во целост се имплементира,
- **Институција носител на обврската**, одговорна за имплементација и/или спроведување на препораката и мерките,
- **Институција учесник**, за која се претпоставува дека треба да биде вклучена или повикана, да учествува во имплементацијата и/или спроведувањето на препораката и мерките,
- **Рок за реализација**, во кој се оценува дека препораката би можела да се реализира и/или спроведе,
- **Статус на реализација**, во која ќе се следи напредокот,

**Поради важноста и особено поради комплексноста на дефинирањето на мерките** во насока на реализација на Листата на итни реформски препораки, како и **потребата за нивно дневно следење, се дефинира следната структура и надлежности,**

- Формирање на **Специјална работна група на министерско ниво**, претседавана од страна на ЗПВРМ за европски прашања, која ќе го вклучи Министерот за надворешни работи во координирање, и сите други засегнати надлежни министри и други надлежни државни функционери,
- **Оперативен секретаријат** на Министерската РГ, во согласност со неговите законски надлежности, би бил **Секретаријатот за европски прашања**-СЕП и неговите надлежни служби,
- **Работниот комитет за европска интеграција,** претседаван од ЗПВРМ за европски прашања, ќе се состанува секоја недела заради насочување и координација на конкретната реализација на Планот на активности, како и следење на напредокот во неговата имплементација,
- Претседавачот на Министерската РГ, во координација со Министерот за надворешни работи, ќе **информира за напредокот во реализацијата на дефинирате мерки на неделна основа,** а соодветни извештаи ќе се доставуваат и до ЕК и земјите членки на ЕУ и САД,
- Претседавачот на Министерската РГ ќе биде во **непосредна комуникација и координација со претставниците на другите засегнати страни** за дефинирањето и реализацијата на овој План на активности (вклучително и договорените структури од политичките партии),
- Претседавачот на Министерската РГ, во координација со Министерот за надворешни работи, ќе биде во **непосредна комуникација и координација и со Амбасадорот на ЕУ и Амбасадорот на САД во РМ**, додека **на оперативно ниво СЕП ќе биде во контакт со надлежните служби на ЕУ во Македонија (ДЕУ), а преку МНР и Мисијата на РМ при ЕУ и со ЕК, односно ГД НЕАР.**

Планот на активности за итни реформски приоритети е динамичен документ и како таков треба да се прилагоди на сите нови моменти кои наметнуваат и негово проширување, дополнување и усогласување. Заради негова целосна инклузивност и поширока прифатливост, Планот треба да се прилагоди и на мултипартиските видувања и предлози за прецизирање, како и на прецизирање на насоките на експертите од Европската комисија.

# НАЦРТ План на активности за реализација на итните реформски приоритети - 25.02.2016

## Содржина:


Легенда и листа на кратенки

Референтни документи

1. Владеење на правото и правосудство
1.1. Правосудство
1.2. Функционален судски и собраниски надзор над следењето на комуникациите,
1.3. Независни регулаторни, контролни и надзорни тела,
1.4. Анти-корупциски политики и законодавство,
1.5. Лустрација

2. Деполитизација на јавната администрација
2.1 Подобрување на управувањето со човечки ресурси
2.2 Подобрување на рамка која ги опфаќа управните постапки
2.3 Децентрализација

3. Изборна реформа
3.1 Изборен законик
3.2 Избирачки список

4. Имплементација на препораките на Анкетната комисија за настаните од 24 декември
4.1 Усогласување на одредбите помеѓу законот за собранието и деловодникот за работа на Собранието
4.2 Процедурални предизвици
4.3 Процедура за носење на буџет

4.4 Раководење со пленум и работни тела на СРМ
4.5 Собраниско обезбедување
4.6 Новинари
4.7 Етички кодекс
4.8 Измена и дополнување на кривичен законик
4.9 Јакнење на анкетни комисии и надзор
4.10 Собраниски календар
4.11 Неутрална зона околу Собранието

5. Медиуми: Слобода на изразување
5.1. Јавен радиодифузен сервис (МРТВ),
5.2. Владини кампањи,
5.3. Пристап до информации (јавни информации),
5.4. Клевета

6. Фундаментални права: Права на немнозинските заедници и ранливите групи
6.1 Немнозински заедници
6.2 Роми
6.3 Анти-дискриминација

7. Меѓуетнички односи
7.1 Имплементација на Охридскиот Рамковен Договор

8. Економско управување (вклучувајќи и управување со јавните финансии )
8.1 Управување со јавните финансии

9. Добрососедски односи и регионална соработка
9.1 Добрососедски односи
9.2 Регионална соработка

10. Евро-Атлантска интеграција

Препораки од групата од високи експерти за системските прашања за владеење на правото

**Легенда:**
0 - Област
00 - Подобласт
000 - Приоритет
0000 - Мерка

**Листа на кратенки:**
РМ- Република Македонија
ЕУ – Европска унија
ЕК – Европска комисија
ДЕУ – Делегација на Европската унија
СоЕ – Совет на Европа
ОБСЕ – Организација за безбедност и соработка во Европа
ПДВН – активности превземени од Пристапниот дијалог на високо ниво
ВРМ – Влада на Република Македонија
ГСВРМ – Генерален секретаријат на Владата на Република Македонија
СРМ – Собрание на Република Македонија
ПСРМ – Претседател на Собрание на Република Македонија
ПГ – Пратеничка група
СЕП – Секретаријат за европски прашања
ССРД – Секретаријат за спроведување на Рамковниот договор
ЗПВРМ – Заменик претседател на Владата на Република Македонија
МФ – Министерство за финансии
МНР - Министерство за надворешни работи
МВР - Министерство за внатрешни работи
МП - Министерство за правда
МЛС - Министерство за локална самоуправа
МИОА - Министерство за информатичко општество и администрација
МО - Министерство за одбрана
МК - Министерство за култура
МТСП – Министерство за труд и социјална политика
МЗ- Министерство за здравство

МОН – Министерство за образование и наука
МТВ – Министерство за транспорт и врски
МЗЖВ - Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство
ССРМ – Судски совет на Република Македонија
СЈОРМ – Совет на Јавни обвинители на Република Македонија
АСЈО –Академија за судии и јавни обвинители
ЈОРМ – Јавно обвинителство на Република Македонија
ВСРМ – Врховен суд на Република Македонија
ОЈООКК – Основно јавно обвинителство за борба против организиран криминал и корупција
Судови – сите  основни судови , апелациони судови , Управен суд и Виш управен суд на Република Македонија
ДКСК – Државна комисија за спречување на корупција
ЕСЧП – Европски суд за човекови права
ЕКЧП – Европска Конвенција за човекови права
БЗРМ – Биро за застапување на Република Македонија пред Европскиот суд за човекови права
МКИПО – ЕСЧП – Меѓународна комисија за извршување на пресудите и одлуките на Европскиот суд за човекови права
ДЗР – Државен завод за ревизија
ДЗС – Државен завод  за статистика
ДИК – Државна изборна комисија
РГ за измена на Изборен законик – Работната група за измена на изборен законик
УБК – Управа за безбедност и контраразузнавање
УВМК – Управа за водење на матичните книги
ЦУ – Царинска управа
УФП – Управа за финансиска полиција
УФР – Управа за финансиско разузнавање
УЈП- Управа за јавни приходи
ДЗЛП – Дирекција за заштита на лични податоци
ДБКИ – Дирекција за безбедност на класифицирани информации
НКЦИГУ – Национален координативен центар за интегрирано гранично управување
ИГУ - Интегрирано гранично управување
БРР – Биро за регионален развој
ЦРПР – Центри за развој на планските региони
КЗД – Комисија за заштита од дискриминација
АОПЗ – Агенција за остварување на правата на заедниците

АА – Агенција за администрација
АВРМ – Агенција за вработување на Република Македонија
АМС – Агенција за млади и спорт
АВМУ – Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги
НП – Народен правобранител
ЗНМ – Здружение на новинарите на Македонија
МАН – Македонска асоцијација на новинари
ММА – Македонска медиумска асоцијација
ЕЛС – единици на локалната самоуправа
ЗЕЛС – Заедница на единиците на локалната самоуправа
БРО – Биро за развој на образованието
КЗПСПИЈК - Комисија за заштита на правто за слободен пристап на информации од јавен карактер
МРТ – Македонска радио телевизија
СЕМ - Совет за етика во медиумите во Македонија
НВО – Невладини организации
УКИМ-ПФ – Универзитет "Кирил и Методиј" – Педагошки факултет
НКТСИСДР - Национално координативно тело за следење на имплементацијата на стратегијата и декадата на Роми 2015-2020
ДДВ – Данок на додадена вредност
БЛ - Биро за Лекови
ДСИ - Државен санитарен инспекторат
ДИЗ - Државен инспекторат за земјоделство
АХВ - Агенција за храна и ветеринарсво
ДРС - Дирекција за радиациона сигурност
АП - Агенција за пошти
УСЖС - Управа за сигурност во железничкиот систем
ДИТ - Државен инспекторат за транспорт

**Референтни документи**

Принципите на ОН 1993 - 48/134. Националните институции за промоција и заштита на човековите права;
Конвенцијата на ОН против тортура и друго сурово, нечовечно или понижувачко постапување или казнување;
Извештај на Венецијанска комисија за Европски стандарди во однос на независноста на судскиот систем (17-18 Декември 2010);
Втор извештај на ГРЕКО 2014 - за исполнети услови во Република Македонија;
Конечен извештај на Набљудувачката мисија на парламентарните изборите на ОБСЕ/ОДИХР – 2011 – англиски јазик;
Конечен извештај на Набљудувачката мисија на парламентарните изборите на ОБСЕ/ОДИХР – 2011 – македонски јазик;
Венецијанската комисија - Извештај за наименување на судии;
Венецијанската комисија - Извештај за судска независност;
Венецијанската комисија – Извештај за Законот за Јавно обвинителство и Совет на јавни обвинители.
Стратегија за проширување и Извештај за Република Македонија, 2015- Европска Комисија (10.11.2015)
SIGMA - Baseline Measurement Report - The principles of public administration

## 1. Владеење на правото и правосудство

| Препорака: | Мерка: | Институција носител: | Институции учесници: | Рок за реализација: | Статус на реализација: |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.1 Правосудство** | | | | | |
| **1.1.1** Деполитизација на назначувањето и унапредувањето на судии и обвинители, и во пракса не само теоретски, врз основа на транспарентни, објективни критериуми, строго засновани на заслуга, применети со транспарентна и отворена постапка | **1.1.1.1** Повеќе годишна проценка за потребниот број за избор на судии и потребите за буџетски средства | ССРМ | | 9/2015 | Судскиот совет на седницата одржана на ден 26.11.2015 година донесе Одлука за бројот на судиски места во судовите во Република Македонија кој се намалува од 740 на 636 судиски места. Упразнети се 51 судиски места. |
| | **1.1.1.2** Објавување оглас за избор на судии во повисоките судови | ССРМ | | 12/2015 | На 26.11.2015 се објави јавен повик за избор на 6 судии во Апелациониот Суд во Скопје, 1 во Апелациониот суд во Битола, 1 во Апелациониот суд во Гостивар и 1 во Апелациониот суд во Штип. |
| | **1.1.1.3** Избор на судии на јавна седница на Судски совет | ССРМ | | 2/2016 | Изборот на судиите по објавените огласи се очекува да се спроведе до 20 февруари 2016 врз основа на критериумите на заслуга, согласно Законот за Судови од 2013г. |

| **Препорака:** | **Мерка:** | **Институција носител:** | **Институции учесници:** | **Рок за реализација:** | **Статус на реализација:** |
|---|---|---|---|---|---|
| | **1.1.1.4** Евиденција за избрани судии во повисоките судови според систем на заслуга | ССРМ | | 3/2016 | Воспоставена е евиденција на назначувања во судовите (усогласеност со одредбата дека сите судии/обвинители од прва инстанца се назначени од рангот на Академијата и со новите професионални услови за избор на судии во повисоките судови) која е доставена до Европската комисија. Оваа пракса на евиденција на назначувањата ќе продолжи во иднина преку доставување на табеларен преглед на избрани судии и обезбедување на примена на принципот на заслуги. |
| | **1.1.1.5** Писмено образложување на одлуките на ССРМ за избор на судии | ССРМ | | Континуирано | ССРМ на својата веб страница објави писмено образложение за изборот на претседатели на судови врз основа на системот на заслуги, а веднаш по изборот на судии во основни судови односно повисоките судови, на веб страна ќе се објави образложение за извршениот избор. |

| **Препорака:** | **Мерка:** | **Институција носител:** | **Институции учесници:** | **Рок за реализација:** | **Статус на реализација:** |
|---|---|---|---|---|---|
| | **1.1.1.6** Евиденција на избрани судии и јавни обвинители кандидати од АСЈО | ССРМ<br>СЈОРМ | АСЈО | 2/2016 | Воспоставена е евиденција на назначувања во судовите и јавните обвинителства (усогласеност со одредбата дека сите судии/обвинители од прва инстанца се назначени од рангот на Академијата) која е доставена до Европската комисија. Оваа пракса на евиденција на назначувањата ќе продолжи во иднина преку доставување на табеларен преглед на избрани судии.<br>Дополнително ССРМ на својата веб страница ќе ја објави евиденцијата на избрани судии кандидати од АСЈО. |
| **1.1.2** Воспоставување на усогласен систем на перформанси засновган на квалитативни и квантитативни стандарди, како основа за сите одлуки за кариера | **1.1.2.1** Изготвување на Анализа за меѓународни стандарди за оценување на работата на судиите, согласно препораките на експертите во рамките на ИПА 2010 проектот за оценување и работа на судиите | МП | ССРМ | 3/2016 | Анализата е изготвена. Истата преку Секретаријатот за европски прашања се достави до Европската комисија. |

| Препорака: | Мерка: | Институција носител: | Институции учесници: | Рок за реализација: | Статус на реализација: |
|---|---|---|---|---|---|
| | **1.1.2.2** Доставување на предлог мерки за воспоставување на усогласен систем на перформанси | МП | ССРМ | 3/2016 | Во рамките на ИПА 2010 проектот во завршна фаза е изготвување на Аналитички извештај, преку изработка на квалитативни критериуми за подобрување на работењето на ССРМ при оценувањето на судиите.<br>Исто така во периодот од март до јули 2016 година ќе се изработат предлози за ефективно мерење на заостатокот на судски предмети, приливот на судски предмети и просечната должина на судските постапки како директна помош за ССРМ да има мерливи квантитативни критериуми за оценка на секој суд и судија достапни во реално време. |
| | **1.1.2.3** Јавна расправа со засегнати страни на предлог мерките од изготвената Анализа | МП | | 6/2016 | Јавната расправа во врска со изготвената Анализа во коорганизација на Судскиот совет и Академијата за судии и јавни обвинители се одржа на 15.02.2016 година. |
| **1.1.3** Да се отстранат оние елементи од системот за дисциплински постапки и разрешување на судиите кои моментално ја нарушуваат судската независност, и во законодавството и во праксата. | **1.1.3.1** Подготовка на нацрт-измени на Законот за судови и Законот за Судски совет | МП | ССРМ | 8/2015 | Изготвени се нацрт измени на Законот за судови и Законот за Судскиот совет кои се однесуваат на системот на дисциплински постапки и разрешување на судии.<br>Законот за совет за утврдување факти и дисциплинска одговорност на судија и измените на Законот за судски совет се усвоени(Февруари 2015). |

| Препорака: | Мерка: | Институција носител: | Институции учесници: | Рок за реализација: | Статус на реализација: |
|---|---|---|---|---|---|
| | **1.1.3.2** Консултација на нацрт измените на Законот за судови и Законот за Судски совет со ЕК и усогласување со нивните препораки. | МП | СЕП | 12/2015 | Измените се доставени на мислење до Европската комисија на 16.07.2015 година како и до Венецијанската Комисија. На 12-13 Ноември се реализираше експертска мисија. Добиени се коментари од ЕК и ВК. Коментарите на ВК се презентираа на 18-19.12.2015. |
| | **1.1.3.3** Одржување на јавни расправи со сите засегнати страни во однос на Предлог законите за судови и судски совет | МП<br>СРМ | | 12/2016 | |
| | **1.1.3.4** Усвојување на Законот за судови и Закон за Судски совет | СРМ | МП | 12/2016 | |
| **1.1.4** Да се обезбеди професионалноста на Судскиот совет, во пракса, а не само во теорија (т.е. јасно и предвидливо тестирање за примена на статутарната обврска на “истакнат правник”). | **1.1.4.1** Доставување на усвоениот закон за измени и дополнувања на Законот за Судски совет (објавен во Сл. весник) до ЕК | МП | СЕП | 7/2015 | Изготвена е Информација во насока на измена на Законот за Судскиот совет на Република Македонија следејќи ги најдобрите европски пракси. По усвојувањето од Владата на Република Македонија, истата преку СЕП ќе се достави до Европската комисија. |
| | **1.1.4.2** Разработка на внатрешни процедури со образложение за квантификација за избор на членови на ССРМ | МП | ССРМ | 3/2016 | |
| **1.1.5** Да се зголеми проактивната улога на Судскиот совет и највисоките судови, за да се заштитат | **1.1.5.1** Унапредување на системот на заштита од можни влијанија и притисоци врз судиите | ССРМ | | 12/2016 | |

| Препорака: | Мерка: | Институција носител: | Институции учесници: | Рок за реализација: | Статус на реализација: |
| --- | --- | --- | --- | --- | --- |
| судиите од мешање во нивната независност (преку подобрени комуникациски стратегии и преку одлучна активност врз основа на жалбите за мешање или притисок). | **1.1.5.2** Реализација на кампањи за подигање на свеста за пријавување на евентуални притисоци и влијанија врз судиите | ССРМ | | | Се подготвува Водич за обука на обучувачи за Кодекс на судска етика и ќе се одржи 1 напредна обука за обучувачи за "Судска етика и справување со притисоци во судството". Од 03.2016 ќе се реализира"Недела за јакнење на судскиот интегритет"за запознавање на судиите, и преставниците на другите правни професии,граѓанско општество и граѓаните со принципите и стандардите за градење на професионално и етичко однесување на судиите на највисоко ниво, зајакнување на интегритетот, и стандарди за спречување на судир на интереси за подобрување на довербата на јавноста во судството. Ќе се организираат и семинари, тркалезни маси во судовите и средби на правните факултети со присуство на ОГО отворени за медумите и граѓаните. Ќе се печати Водичот, брошури, флаери. |
| | **1.1.5.3** Организирање на 3 заеднички состаноци/тркалезни маси со судските органи (судови, Академија за судии и јавни обивнители, Здружение на судии) почнувајќи од септември 2015 | ССРМ | | 9/2015 | Се одржаа четири тркалезни маси на тема "Улогата на Судскиот совет и највисоките судови во заштита на судиите од мешање во нивна независност" со учество на ССРМ и претседателите на судовите на РМ. |

| Препорака: | Мерка: | Институција носител: | Институции учесници: | Рок за реализација: | Статус на реализација: |
|---|---|---|---|---|---|
| | **1.1.5.4** Спроведување на 2 обуки за етика и интегритет на судии за справување со притисоци почнувајќи од септември 2015 | ACJO | | 9/2015 | На 13 и 14 ноември со поддршка во рамки на ИПА 2010 проект, се одржаа две обуки за етика и интегритет на судии. На двете обуки учествуваа вкупно 54 судии и 3 судски соработници. |
| | **1.1.5.5** Изработка на Прирачник за комуникација со образложение за примена | ССРМ | ВСРМ | 3/2016 | Во рамки на ИПА 2010 Компонента 1 која се однесува на јакнење на улогата на Судскиот совет изготвена е првата Нацрт верзија на Прирачникот за комуникација. Истиот ќе се достави на коментари до Судскиот совет на Република Македонија, како и до сите судови. Во рамките на проектот пред неговата финализација ќе се одржи тркалезна маса и истиот ќе се финализира и усвои од Судскиот совет на Република Македонија. |
| | **1.1.5.6** Тркалезна маса за можните влијанија врз судството и клучната улога на мерит системот во изборот на судии | ССРМ | | 3/2016 | Тркалезната маса се одржа на 16.02.2016 година. |
| **1.1.6** Да се подобри квалитетот на едукација, буџетот и автономијата на Академијата за судии и обвинители (и да се охрабри испраќањето на национални судии на стаж во ЕСЧП). | **1.1.6.1** Спроведување на 2 базични обуки на обучувачи, (технички и тематски, за одделна област), за предавачите во почетна и континуирана обука почнувајќи од септември 2015 | ACJO | | Континуирано | На 18 и 19 ноември со поддршка на проектот ИПА 2010, Компонента 1 се спроведоа две базични обуки за обучувачи за предавачите во почетна и континуирана обука.<br>Во буџетот за 2016 година се предвидени средства. |

| Препорака: | Мерка: | Институција носител: | Институции учесници: | Рок за реализација: | Статус на реализација: |
|---|---|---|---|---|---|
| | **1.1.6.2** Спроведување на 2 напредни обуки на обучувачи, (технички и тематски, заодделнаобласт), за предавачите во почетна и континуирана обука почнувајќи од октомври 2015 | АСЈО | | Континуирано | На 7 декември со поддршка на проектот ИПА 2010, Компонента 1, се реализира една напредна обука за обучувачи со која беа опфатени 2-те групи на предавачи на Академијата кои учествуваа на базичните обуки за обучувачи.<br>Во буџетот за 2016 година се предвидени средства. |
| | **1.1.6.3** Донесување на Одлука на ССРМ за број на кандидати за судии во АСЈО | ССРМ | | 9/2015 | На 30.09.2015 ССРМ донесе одлука со која се утврдува бројот на слободни судиски места за основните судови во РМ на 20 за шестата генерација на кандидати за судии и јавни обвинители во АСЈО за академската 2015-2017 |
| | **1.1.6.4** Донесување на Одлука на СЈОРМ за број на кандидати за јавни обвиинители во АСЈО | СЈОРМ | | 9/2015 | На 09.09.2015 СЈОРМ донесе одлука со која се утврдува бројот на слободни места за јавни обвинители во РМ на 60 за шестата генерација на кандидати за судии и јавни обвинители во АСЈО за академската 2015-2018 |
| | **1.1.6.5** Објавување на оглас за VI генерација на кандидати на АСЈО | АСЈО | ССРМ<br>СЈОРМ | 10/2015 | На 9.11.2015 се објави јавен оглас за прием на 30 кандидати за VI генерација. Рокот за пријавување беше 20.11.2015. |
| | **1.1.6.6** Прием на кандидати во VI генерација | АСЈО | ССРМ<br>СЈОРМ | 4/2016 | Поднесени се 83 пријави. Вкупно 64 апликанти ги исполнија формалните услови и полагаа квалификациски тест на 27.01.2016. 62 кандидати го положија испитот и ќе полагаат психолошки тест, тест за интегритет и студии на случај. |

| Препорака: | Мерка: | Институција носител: | Институции учесници: | Рок за реализација: | Статус на реализација: |
|---|---|---|---|---|---|
| | **1.1.6.7** Почеток на теоретска обука | АСЈО | | 5/2016 | По завршување на постапката за прием до крајот на март 2016. |
| | **1.1.6.8** Развој на методологија за оценка на ефикасноста на обуките и нивниот импакт врз подобрување на квалитетот на редовната судско-обвинителската пракса | АСЈО | | 3/2016 | Со поддршка на проектот ИПА 2010, Компонента 1, ангажираниот експерт оствари 3-дневна посета на АСЈО и релевантните правосудни институции. Се очекува писмен документ од експертот, во предвидениот рок. |
| | **1.1.6.9** Испраќање на судии на престој во ЕСЧП | АСЈО(ССРМ) | МФ<br>МНР | Континуирано | Започната е постапката на договарање со ЕСЧП за адекватни периоди за студиски престој на 2 судии и се очекува обезбедување на финансиски средства за оваа активност |

| Препорака: | Мерка: | Институција носител: | Институции учесници: | Рок за реализација: | Статус на реализација: |
|---|---|---|---|---|---|
| | **1.1.6.10** Подготвување на Упатство за начинот на избор на судии кои ќе се испраќаат на престој во ЕСЧП | АСЈО | | 10/2016 | Изготвено е Упатство за начинот на избор на судии и јавни обвинители кои ќе се испраќаат на престој во Европскиот суд за човекови права, кое е донесено од страна на Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители на 15.02.2016. Упатството се однесува на постојни судии и јавни обвинители, кои врз основа на интерен јавен повик ќе аплицираат за повеќе месечно стажирање во ЕСЧП. Воедно АСЈО го објави првиот јавен повик за 2 кандидати од редот на судиите и јавните обвинители кои ќе се испратат на 6-месечен престој и работа во Европскиот суд за човекови права, со цел надградување на знаењата и вештините за практична имплементација на Европската конвенција за човекови права и јуриспруденцијата на Европскиот суд за човекови права. |
| | **1.1.6.11** Испраќање на кандидати за судии и јавни обвинители на едномесечен стаж во ЕСЧП | АСЈО | МФ<br>МНР | Континуирано | Се очекува обезбедување на финансиски средства за реализација на оваа мерка. |

| Препорака: | Мерка: | Институција носител: | Институции учесници: | Рок за реализација: | Статус на реализација: |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.1.7** Да се обезбеди објавување на сите судски пресуди во роковите определени со закон (и да се обезбедат целосни можности за пребарување и олеснет пристап). | **1.1.7.1** Набавка на софтвер и изработка на веб портал решение за подобро објавување и брзо пребарување на судските пресуди (web content management system) за сите судови | МП | ССРМ<br>ВСРМ<br>АСЈО<br>Судови | 11/2015 | Извршена е набавка и инсталација на целокупната опрема за Судски совет, Совет на јавни обвинители, Врховен суд, судови, Академија за судии и јавни обвинители, Јавно Обвинителство и е инсталиран систем за складирање на податоци и сервери. За секој суд е обезбеден Scanning Server преку кој е направена конекција со АКМИС системот, обезбедени се серверски машини и Storage system за развој и хостирање на WEB PORTAL решението (WCMS), АКМИС системот е поврзан со WEB PORTAL решението за анонимно објавување на сите судски пресуди. Изработен е новиот модерен веб портал решение за подобро објавување и брзо пребарување на судските пресуди (web content management system). |
| | **1.1.7.2** Обука за судиите,судските администратори и судски службеници | МП | ССРМ<br>ВСРМ<br>АСЈО<br>Судови | 10/2015 | Организирани се две обуки на кои учествувале вкупно 123 вработени лица од Судскиот совет, сите судови во Република Македонија и Министерството за правда. |
| | **1.1.7.3** Јавна презентација на новото портал решение за судството | МП | ССРМ<br>ВСРМ<br>АСЈО<br>Судови | 12/2015 | На 08.10.2015 се одржа јавна презентација на новото портал решение. |

| Препорака: | Мерка: | Институција носител: | Институции учесници: | Рок за реализација: | Статус на реализација: |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.1.8** Да се развие досие за вкупната должина на судските постапки со специјален фокус на „застарените случаи“. | **1.1.8.1** Подготовка на акциски планови за намалување на бројот на старите предмети (на квартално ниво) според утврдени критериуми | ССРМ | МП | Квартално | Донесен е Акционен план за следење на состојбата на старите предмети со интервентни мерки за решавање на предметите кои се постари од 7 и од 10 години во судовите |
| | **1.1.8.2** Евиденција на должината на судските постапки со акцент на т.н стари предмети | ССРМ | МП | Полугодишно | Се известува два пати годишно со придонесот кон извештаите на ЕК во месец април и месец септември. |
| | **1.1.8.3** Објавување на резиме од статистичките податоци за работата на судовите на шестмесечно ниво | ССРМ | | Полугодишно | Се известува два пати годишно со придонесот кон извештаите на ЕК во месец април и месец септември. |
| **1.1.9** Да се обезбеди брзо извршување на сите пресуди на ЕСЧП против државата (особено преку развивање практични и ефективни мерки за секоја категорија на случаи). | **1.1.9.1** Подготовка на преглед на пресудите на ЕСЧП според видот, областа, надлежна институција за извршување на пресудите | БЗРМ-ЕСЧП | МП<br>МКИПО-ЕСЧП | 7/2015 | Изготвен е преглед на пресудите на ЕСЧП според видот, областа, надлежна институција за извршување на пресудите. |

| Препорака: | Мерка: | Институција носител: | Институции учесници: | Рок за реализација: | Статус на реализација: |
|---|---|---|---|---|---|
| | **1.1.9.2** Подготовка и донесување на акциски планови за извршување на пресудите на ЕСЧП | БЗРМ-ЕСЧП | МП | 10/2015 | На почетокот на 2015 година БЗРМ пред ЕСЧП заедно со Комитетот на министри изработи план за доставување на акциони планови/извештаи во однос на пресудите против Република Македонија во насока на подобрување на комуникацијата со Комитетот и забрзување на процесот на извршување и затворање на пресуди донесени од страна на Европскиот суд за човекови права против Република Македонија. Во текот на 2015 година Бирото работеше во насока на целосна реализација на изготвениот план, што резултираше со неколку целосно затворени предмети и доставени акциони планови/извештаи за најголем дел од пресудите донесени против РМ. |
| | **1.1.9.3** Донесување  на програма за обука за ЕКЧП во рамки на ИПА 2011 | БЗРМ-ЕСЧП | ACJO | 12/2016 | Програмата ќе се донесе во рамките на ИПА 2011 проектот. Програмата ќе се реализира 2016-2018 |
| | **1.1.9.4** Спроведување на обука за ЕКЧП  во рамки на ИПА 2011 | БЗРМ-ЕСЧП | ACJO | 12/2016 | Обуките ќе се спроведат во втората половина на 2016 година, во рамки на ИПА 2011 проектот, во чии рамки ќе бидат обучени судии, обвинители, адвокати, судски службеници. Програмата ќе се реализира 2016-2018 |
| | **1.1.9.5** Подготовка на прирачници релевантни аспекти на ЕКЧП и судската пракса на ЕСЧП, (ИПА 2011) | БЗРМ-ЕСЧП | | 12/2016 | Прирачниците ќе се изготват во рамките на ИПА 2011 проектот. |

| Препорака: | Мерка: | Институција носител: | Институции учесници: | Рок за реализација: | Статус на реализација: |
|---|---|---|---|---|---|
| | **1.1.9.6** Вработување на 2 нови службеници во 2016 година со цел зајакнување на капацитетите на Бирото за застапување на РМ пред ЕСЧП | БЗРМ-ЕСЧП | МФ<br>МИОА | 12/2016 | Обезбедена е согласност за вработување на 2 нови службеници во 2016 година со цел зајакнување на капацитетите на Бирото за застапување на РМ пред ЕСЧП |
| **1.1.10** Да се обезбеди правилна примена на судската пракса на ЕСЧП во образложенијата на налозите за притвор и продолжување на притвор (ПДВН) | **1.1.10.1** Спроведување на обуки за судии и јавни обвинители | АСЈО | | 10/2015 | Одржани се вкупно 8 обуки од кои: 4 обуки за судии и 4 обуки за јавни обвинители.<br>На обуките учествувале 45 судии, 16 јавни обвинители и 9 стручни соработници |
| **1.1.11** Стратешка активност: Подобрување на протокот на информации до Европската комисија во однос на развојот и имплементацијата на стратегијата и акцискиот план за судство (ПДВН) | **1.1.11.1** Донесување на стратегија за реформа на правосудството 2015-2020 | МП | ССР<br>ССРМ<br>СЈОРМ<br>АСЈО<br>ВСРМ<br>ЈОРМ | 1/2016 | Нацрт стратегијата за реформа на секторот правосудство (2016-2020) е усвоена од Владата и ќе се достави до ЕК. |
| **1.1.12** Условот дека само оние кои ја завршиле Академијата за судии и јавни обвинители може да се ангажираат во судството и обвинителството треба за сега да се одржува и на тој начин не треба да постои отстапување од сегашниот систем на ангажирање заснован само на квалификации. | **1.1.12.1** Доставување на извештај за избор на судии и јавни обвинители во основните судови и основните јавни обвинителства | ССРМ<br>СЈОРМ | АСЈО<br>МП | Полугодишно | Воспоставена е евиденција на назначувања во судовите (усогласеност со одредбата дека сите судии/обвинители од прва инстанца се назначени од рангот на Академијата која е доставена до Европската комисија). Оваа пракса на евиденција на назначувањата ќе продолжи во иднина преку доставување на табеларен преглед на избрани судии. |
| | **1.1.12.2** Јавно објавување на избраните судии и јавни обвинители | ССРМ<br>СЈОРМ | | Континуирано | ССРМ ги објави на својата веб страна сите избрани судии од редот на кандидатите на Академијата за судии и јавни обвинители. Истото ќе го стори и Советот на јавни обвинители. |

| Препорака: | Мерка: | Институција носител: | Институции учесници: | Рок за реализација: | Статус на реализација: |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.1.13** Правилата со кои се регулира доделување на случаи по случаен избор треба строго да се почитуваат. Секој исклучок треба да е јасен и предвидлив и не треба да го наруши овој принцип. Не треба да има *ад хок* доделувања. Треба редовно да се оценува усогласеноста со правилата од страна на Судскиот совет, а оценките да се објавуваат. | **1.1.13.1** Проценка на функционирањето на постојниот систем и процедура за распределување на предметите според АКМИС. | ССРМ | МП<br>Судови<br>ВСРМ | 6/2016 | Изготвена е проценка на функционирањето на постојниот систем и процедура за распределување на предметите според АКМИС. |
| | **1.1.13.2** Разгледување на можност за воведување на механизам со кој предметот кога еднаш ќе се додели на судија да не постои начин да се распредели на друг судија | ССРМ | МП | 6/2016 | За надминување на оваа ситуација, а по одржаните консултации со засегнатите страни Министерството за правда до Владата достави Информација во која се предлага да се интервенира во АКМИС системот, за да може во истиот да се препознае тужба која се поднесува помеѓу две странки во врска со ист предмет на спорот, а која била претходно повлечена и слично. Со надградувањето на АКМИС системот тужбата ќе биде автоматски распределена на истиот судија, и ќе се отстрани можноста тужбата да се распредели на друг судија. |
| | **1.1.13.3** Достава на квартални извештаи на ССРМ за проверка на системот на распределување на предметите согласно АКМИС | ССРМ | МП<br>Судови<br>ВСРМ | 9/2016 | Судскиот совет на Република Македонија изготви извештај за проверка на распределување на предметите согласно АКМИС. |
| **1.1.14** Зајакнување на довербата и еднаков третман на сите лица во истражниот процес. Непристрасност и еднаков третман на секое лице кое е под истрага. Тука спаѓа и времетраењето на истрагите и интензитетот со кој се спроведуваат. | **1.1.14.1** Зголемување на довербата преку организирање на јавни трибини за Законот за кривична постапка. | ЈОРМ | МП<br>МВР<br>ЦУ<br>ФП<br>УФР | 11/2015 | Активноста се реализира во рамките на кампањата за промоција на новиот Закон за кривична постапка „Побрзо, поправично и поефикасно“, која се спроведува со финансиска подршка на УСАИД чија цел е подигање на јавната свест за новиот Закон за кривична постапка. |

| **Препорака:** | **Мерка:** | **Институција носител:** | **Институции учесници:** | **Рок за реализација:** | **Статус на реализација:** |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.1.15** Оперативната независност на службите за кривична истрага од политички притисоци или контрола треба да се зајакне. Правосудната полиција и истражните центри треба да почнат да функционираат со цел да се зајакне функционалната независност на истражувачите и обвинителите. | **1.1.15.1** Алокација на ресурси (опрема,човечки ресурси) за опреативна функционалност на Првосудната полиција и Истражниот центар при ОЈООКК | ЈОРМ/ОЈООКК | МП<br>МФ | 10/2016 | Во насока на создавање адекватни просторни услови за работа, Владата донесе Одлука за давање на користење на зграда на Државниот архив на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција. Изработен е проект и премер за реконструкција и адаптација на овој објект. Врз основа на извршената проекција, МФ обезбеди 50.000.000 денари за оваа намена, и тоа со динамика 25.000.000 денари во 2016 година и 25.000.000 денари за 2017 година. Со оглед дека потребните наменски средства се обезбедени, во 2016 година е започната јавна набавка за реконструкција и адаптација на старата зграда на Државниот архив. |
| | **1.1.15.2** Подготовка на Анализа за примената на мерката притвор како мерка за обезбедување во кривичните постапки од страна на судовите, како и предлагање на мерки за целосно усогласување со ЕКЧП | МП<br>ЈОРМ | | 6/2016 | Изготвена е Анализа за примената на мерката притвор како мерка за обезбедување во кривичните постапки од страна на судовите, како и предлагање на мерки за целосно усогласување со ЕКЧП. Истата преку СЕП е доставена до ЕК. |
| **1.1.16** Треба да постои практична и ефективна примена на забраната за употреба на превентивен притвор, мерки насочени кон слободата, кон имотот и други интрузивни мерки само за да се принуди осомничениот на спогодба за признавање на вината. Ова треба да се прави преку:<br>а) јасно, објавено упатство за практики за обвинителите и судиите. | **1.1.16.1** Подготовка на Насоки за изрекување на мерката притвор | Врховен суд | МП<br>Апелациони судови<br>Основни судови | 3/2016 | На 27.08.2015 година се одржа координативна средба на правосудните институции, на која беше договорено Врховниот суд во соработка со Апелационите судови да подготват Насоки за изрекување на мерката притвор. |

| Препорака: | Мерка: | Институција носител: | Институции учесници: | Рок за реализација: | Статус на реализација: |
|---|---|---|---|---|---|
| b) Тестот за „доволен доказ“ кој дозволува спогодба за признавање на вината треба да се разјасни со цел практична и ефективна контрола на законитоста и правичноста на секоја изјава од страна на судот. c) јавниот интерес треба да дозволи континуитет на кривичната истрага и покрај спогодбата за | **1.1.16.2** Консултација со ЕК во однос на Анализата за мерката притвор кои бараат подобрување во согласност со ЕКЧП и судската пракса на ЕСЧП (Разгледување на мислењето и евентуални измени на ЗКП) | МП | | 11/2015 | Анализата преку СЕП е доставена до ЕК. |
| **1.1.17** Ќе се спроведе проценка која ќе резултира во детален акциски план со фокус на соодветното функционирање, доволниот број на персонал и независноста на управните судови, имајќи ги предвид нивните специфични овластувања за контролирање на јавната администрација, а особено нивната важна улога во прегледувањето на одлуките од страна на Државната изборна комисија. | **1.1.17.1** Изготвување на Акциски план (достава на проценка на потреба од опрема, човечки ресурси со посебен фокус на ефикасното функционирање на управните судови). | ССРМ<br>МП | ВУС<br>УС | 6/2016 | Изготвен е Акциски план со целосна проценка за функционирањето на Управниот суд и Вишиот управен суд. |
| **1.2. Функционален судски и собраниски надзор над следењето на комуникациите** | | | | | |
| **1.2.1** Да се обезбеди јасно одвојување на мандатите и прописите во врска со следењето на комуникации заради кривични истраги, од една страна, и заради безбедносни причини од друга страна. | **1.2.1.1** Избор на стратешки партнер | МВР | | 7/2015 | Од 5 до 7.10.2015 се спроведе прелиминарна мисија со два експерти од земја членка на ЕУ (scoping mission). На 18 декември 2016 година добиено е официјално известување за согласност за соработка од страна на стратешкиот партнер во процесот на реформи во областа на разузнавањето, но истиот нема да се вклучи во подготовката на релевантните законски измени. |

| Препорака: | Мерка: | Институција носител: | Институции учесници: | Рок за реализација: | Статус на реализација: |
|---|---|---|---|---|---|
| | **1.2.1.2** Длабинска Анализа со стратешкиот партнер | МВР | | 1/2016 | Со цел унапредување на соработката, на 18ти јануари се реализира работилница за високи претставници од МВР и УБК за зајакнување на реформите и евентуално развивање на стратешки план за наредните пет години. На работилницата се разгледаа можностите за равивање на стартешки план, прашањата поврзани со транспарентност, вработување по системот на заслуги, заштита на податоците и начини за подобрување на оперативните упатства за усогласување со демократските принципи. |
| | **1.2.1.3** Усогласување и развивање на модел врз основа на добри европски пракси, за следење на комуникации за кривични истраги и безбедносни потреби | МВР | ЈОРМ<br>МО<br>ЦУ<br>УФП<br>ДЗЛП<br>ДБКИ<br>МИОА | | ТАИЕКС експерт достави Правен извештај со кој се предлагаат измени на Законот за следење на комуникациите на РМ (ноември 2015), кој содржи најдобри пракси за следењето на комуникациите. |
| | **1.2.1.4** Усогласување на правната рамка и на техничката поддршка помеѓу сите засегнати институции | МВР | | | Реализацијата на оваа активност налага донесување нов Закон за следење на комуникациите.<br>По реализацијата на овие активности, потребно е донесување на подзаконски акти за наведените законски измени и донесување на СОП за сите вклучени институции во процесот. |

| Препорака: | Мерка: | Институција носител: | Институции учесници: | Рок за реализација: | Статус на реализација: |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.2.2** Да се отстрани посредничката функција на УБК како „чувар“ за активностите на следење од страна на органите за спроведување на законот (полиција, царина, финансиска полиција). | | МВР | | | Оваа активност ќе се реализира со донесувањето на новиот Закон за следење на комуникациите. |
| **1.2.3** Да се отстрани директниот пристап на УБК до техничката опрема која овозможува копирање на комуникацискиот сигнал на телекомуникациските оператори (отстранување на практичните и техничките можности на УБК за директно следење на комуникациите). | | МВР | | | Оваа активност ќе се реализира со донесувањето на новиот Закон за следење на комуникациите. |
| **1.2.4** Јасно да се дефинира во закон и во пракса дека начинот на вклучување и пренасочување сигнали кон надлежните агенции за спроведување на законот (полиција, царина, финансиска полиција), или безбедносните агенции (УБК, Агенција за разузнавање и Воената служба за безбедност и разузнавање при Министерството за одбрана) се врши исклучиво по претходно добивање на релевантен судски налог и само за законско следење | | МВР | | | Оваа активност ќе се реализира со донесувањето на новиот Закон за следење на комуникациите. |
| **1.2.5** Да се воведат алатки за управување со ризици за насочување и водење на сите разузнавачки операции, како и зајакната безбедност и складирање на податоци | | МВР | | | Активноста ќе се реализира со донесување на Стандардни оперативни процедури за сите надлежни институции, по донесувањето на новиот Закон за следење на комуникациите |
| **1.2.6** Да се обезбеди соодветна обука на вработените за заштита на податоци, фундаментални права, професионална етика и интегритет. | | МВР | | | Во соработка со стратешкиот партнер (ОК) ќе се реализираат конкретни обуки во рамки на целокупната стратегија за реформа. |

| Препорака: | Мерка: | Институција носител: | Институции учесници: | Рок за реализација: | Статус на реализација: |
| --- | --- | --- | --- | --- | --- |
| **1.2.7** Да се осигури итно и редовно заседавање на соодветните парламентарни комисии за следење на комуникациите и за безбедност и контраразузнавање, како и нивно непречено функционирање | | СРМ | МВР | Квартално | Комисијата за надзор над работата на Управата за безбедност и контраразузнавање и на Агенцијата за разузнавање, на 29.01.2016 година, одржа седница на која усвои заклучоци: да се оствари надзорна посета на Управата за безбедност и контраразузнавање, и на Агенцијата за разузнавање. На истата седница, Комисијата усвои заклучок за понатамошна соработка со Центарот за безбедност, развој и правда (DCAF). Согласно заклучоците, Комисијата на 05.02.2016 оствари надзорна посета на Агенцијата за разузнавање, и на 09.02.2016 оствари надзорна посета на Управата за безбедност и контраразузнавање. |

| **Препорака:** | **Мерка:** | **Институција носител:** | **Институции учесници:** | **Рок за реализација:** | **Статус на реализација:** |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.2.8** Да се осигури дека овие комисии функционираат во согласност со нивните статутарни должности за известување, како и нивната способност да ги добијат непречено потребните податоци, сведоштва, техничка помош и пристап, неопходни за да ги подготвуваат тие извештаи. | | СРМ | МВР<br>ДБКИ | Квартално | Комисијата за надзор над работата на Управата за безбедност и контраразузнавање и на Агенцијата за разузнавање, на 29.01.2016 година, одржа седница на која усвои заклучоци: да се оствари надзорна посета на Управата за безбедност и контраразузнавање, и на Агенцијата за разузнавање. На истата седница, Комисијата усвои заклучок за понатамошна соработка со Центарот за безбедност, развој и правда (DCAF). Согласно заклучоците, Комисијата на 05.02.2016 оствари надзорна посета на Агенцијата за разузнавање, и на 09.02.2016 оствари надзорна посета на Управата за безбедност и контраразузнавање. |
| **1.2.9** Да се заврши целокупната табела за усогласеност за поглавјето 24 (Забелешка: - усогласеност на ниво на закон, а не член по член) систематски да се пополни табелата со законодавството кое е преведено и доставено до Комисијата во областа од Поглавјето 24<br>(ПДВН) | | МВР | | 9/2015 | Законите кои се усогласени со правото на ЕУ во областите од поглавје 24 и се достапни на англиски јазик се доставени во ЕК на 15.10.2015. |

| Препорака: | Мерка: | Институција носител: | Институции учесници: | Рок за реализација: | Статус на реализација: |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.2.10** Развој на Стратегија за интегрирано гранично управување и Акциски план во рамки со концептот на ЕУ за интегрирано гранично управување 2006 (види заклучоци на Советот 15628/2006)<br>(ПДВН) | **1.2.10.1** Инкорпорирање на коментарите од ЕК по однос на Нацрт Националната Стратегија за развој на интегрираното гранично управување 2015-2019 | НКЦИГУ | МВР<br>МНР<br>МТВ<br>МО<br>МЖСПП<br>МЗ<br>МЗШВ<br>БЛ<br>ДСИ<br>ДИЗ<br>ДРС<br>АХВ<br>ЦУ<br>СЕП | 8/2015 | Коментарите на ЕК поминаа меѓуресорска консултација и се инкорпорираа во нацрт стратегијата. |
| | **1.2.10.2** Усвојување на Националната Стратегија за развој на интегрираното гранично управување 2015-2019 | НКЦИГУ | | 9/2015 | Стратегијата е усвоена на Седница на Влада на 22.09.2015. |
| | **1.2.10.3** Подготовка и усвојување на Акциски план за спроведување на Националната Стратегија за развој на интегрираното гранично управување 2015-2019 | НКЦИГУ | МВР<br>МНР<br>МТВ<br>МО<br>МЖСПП<br>МЗ<br>МЗШВ<br>БЛ<br>ДСИ<br>ДИЗ<br>ДРС<br>АХВ<br>ЦУ<br>СЕП | 12/2015 | Акцискиот План е усвоен на Седница на Влада на 22.09.2015. |

| **Препорака:** | **Мерка:** | **Институција носител:** | **Институции учесници:** | **Рок за реализација:** | **Статус на реализација:** |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.2.11** Оптимизација на ресурсите, односно опремата и персоналот на УБК, врз основа на проценка на потребите. | | МВР | УБК | | Ќе се реализира по донесувањето на новиот Закон за следење на комуникации, во соработка со стратешкиот партнер со кој ќе се изготви петгодишна Стратегија. |
| **1.2.12** Распределба на функционални и добро обучени човечки ресурси, наменети за поддршка на контролата и надзорот врз разузнавачките служби. | **1.2.12.1** Реализирање на обуки (Апликации за TAIEX и DCAF) | СРМ | ДБКИ | 12/2015 | Во рамките на одржаните заеднички експертско-комисиски расправи организирани од Центарот за безбедност, развој и правда (DCAF) со поддршка на двете парламентарни комисии за надзор, беше обезбедена и обука за службениците кои работат во двете парламентарни комисии за надзор. |
| | **1.2.12.2** Зголемување на мобилноста преку прераспределување во службата на парламентарните комисии за надзор | СРМ | | 6/2016 | |
| **1.2.13** Извештаите за следење на комуникациите кои се направени за безбедносни цели треба да се избришат во рамките на разумна временска рамка и според принципите за неопходност и пропорционалност | | МВР | УБК | | Во периодот од 15-17 септември 2015 година се одржа Експертска мисија посветена на Законот за следење на комуникациите. Експертската мисија е поддржана од TAIEX инструментот и има за цел измена и дополнување на Законот за следење на комуникациите. Извештајот е добиен. Оваа активност ќе се реализира со донесувањето на новиот Закон за следње на комуникации. |
| **1.3. Независни регулаторни, контролни и надзорни тела** | | | | | |

| **Препорака:** | **Мерка:** | **Институција носител:** | **Институции учесници:** | **Рок за реализација:** | **Статус на реализација:** |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.3.1** Да се осигури задоволителна автономија на независните регулаторни, контролни и надзорни тела, не само теоретски туку и во пракса, со цел тие да делуваат ефективно и без политички притисок. Ова бара не само проактивни напори од самите тела, но и политичка волја на сите други чинители да им дозволат да ги извршуваат нивните функции како што е предвидено со закон, вклучително и преку доделување на доволно финансиски средства | **1.3.1.1** Подготовка на преглед на регулаторни, контролни и надзорни тела и преглед на критериумите за избор/именување на нивни членови | ГССРМ | ГСВРМ | Квартално | За потребите на Собраниската комисија за прашања на изборите и именувањата подготвена е анализа за регулаторни, контролни и надзорни тела чиј состав го избира Собранието ги избира/именува членовите како и на законските решенија кои се однесуваат на постапка (услови за избор, огласување на избор).<br>Се очекува анализата да се разгледа на седница на Комисијата за прашања на изборите и именувањата. |
| | **1.3.1.2** Согласно наодите од прегледот да се оцени потребата од корекции во соодветните правни прописи за целосно практикување на критериумите за професионални квалификации, професионално искуство соодветно за областа и компаративна предност при изборот/именување | ГССРМ | ГСВРМ | Континуирано | Комисијата за прашања на изборите/именувањата, заклучи:<br>- организирање на надзорни расправи за работата на регулаторните тела, агенции и институции;<br>- подготовка на анализа за избор/именување членови на тела, врз основа на која ќе се оцени потребата за подобрување на законската регулатива;<br>- подготовка на анализа за составот на регулаторните тела, односно спроведени законски норми и критериуми. |
| **1.3.2** Членството во независните регулаторни тела да се заснова на професионални квалификации, професионално искуство соодветно за областа и компаративна предност при изборот/именувањето | **1.3.2.1** Да се осигури дека членството во независни регулаторни тела се заснова на професионални квалификации, професионално искуство соодветно за областа и компаративна предност при изборот/именување | ГССРМ | ГСВРМ | Квартално | |

| **Препорака:** | **Мерка:** | **Институција носител:** | **Институции учесници:** | **Рок за реализација:** | **Статус на реализација:** |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.3.3** Да се осигури дека препораките на Канцеларијата на Народниот правобранител и другите советодавни тела се следат од страна на сите државни органи со целосно почитување на законот и принципот на отчетност. | **1.3.3.1** Кадровско доекипирање со преземање на лица од други инстутиции, согласно потребите на Народниот правобранител (согласно бараните профили, при што да се запази и правичната етничка застапеност) | НП | МИОА<br>ССРД<br>МФ | Континуирано | Во тек е дијалог во врска со кадровско доекипирање на Народниот правобранител. |
| | **1.3.3.2** Решавање на прашањето со кадровско екипирање со заменици на Народниот правобранител; | НП | МИОА<br>ССРД<br>МФ | Континуирано | Во тек е дијалог во врска со кадровско доекипирање на Народниот правобранител. |
| | **1.3.3.3** Одржување редовни квартални средби на соодветните министри по барање на Народниот правобранител и редовно, без одлагање, одговарање на писмените барања од оваа институција | ГСВРМ | НП | Квартално | Владата на Осумдесеттата тематска седница одржана на 15.06.2015 година ги задолжи сите министри почнувајќи од септември 2015 година да одржуваат редовни средби по барање на Народниот правобранител и редовно, без одлагање, да одговараат на писмените барања. Во изминатиот период Народниот правобранител нема доставено барање до Генералниот секретаријат за одржување редовни квартални средби, но сепак, координацијата континуирано се остварува на неформална основа. |

| Препорака: | Мерка: | Институција носител: | Институции учесници: | Рок за реализација: | Статус на реализација: |
|---|---|---|---|---|---|
| | **1.3.3.4** Одржување редовни (на квартално ниво) координативни состаноци на стручните лица на Генералниот секретаријат на Владата и на Народниот правобранител во врска со постапувањето по обраќањата и препораките на Народниот правобранител; | ГСВРМ | НП | Квартално | Во Информацијата за постапување по обраќањата и препораките на Народниот правобранител упатени до ВРМ, органите на државната управа и други органи и организации што имаат јавни овластувања меѓудругото, се дава и преглед на податоците по области што овозможува значително подетален увид за секоја претставка поединечно. Исто така, почнувајќи од септември 2015 година ќе започне да се применува нова пракса за задолжително одржување на редовни состаноци. |

| Препорака: | Мерка: | Институција носител: | Институции учесници: | Рок за реализација: | Статус на реализација: |
|---|---|---|---|---|---|
| | **1.3.3.5** Подготовка и доставување до Владата, на месечно ниво, информации за постапување по обраќањата и препораките на Народниот правобранител упатени до Владата на Република Македонија и органите на државната управа, со преглед на податоците по области. | ГСВРМ | НП | Континуирано | Во ноември 2015 година до Владата, органите на државната управа, други органи и организации што имаат јавни овластувања доставени се вкупно 206 барања укажувања и препораки од Народниот правобранител, од кои во 174 (84.47%) случаи е постапено, а по 32 (15.53%) барања, укажувања и препораки постапката е во тек. До МЛС, МЖСПП и МК не се доставени барања и препораки од Народниот правобранител.<br>Бројот на поднесени барања, укажувања и препораки во ноември е намален за 21,97% во однос на октомври 2015 година. Бројот на барања, укажувања и препораки по кои е постапено е поголем за 0,24%, а по кои постапката била во тек е помал за 0,24%. |
| **1.3.4** Да се осигурат ефикасни законски санкции за неисполнување на барањата и препораките на независните тела. | **1.3.4.1** Анализа на постојниот систем на санкции во случај на неисполнување на барањата и препораките на Народниот правобранител и ДЗЛП | МП | ДЗЛП<br>НП | 10/2016 | Изготвена е Анализата и доставена на усвојување до Владата на Репубика Македонија. |
| | **1.3.4.2** Ревизија на постојната законска рамка согласно наодите од Анализата | МП | ДЗЛП<br>НП | 12/2016 | |
| **1.3.5** Да се осигури дека законот за Народен правобранител во целост е во согласност со Париските принципи. | **1.3.5.1** Усвојување на Закон за Народен правобранител усогласен со Факултативниот протокол за превенција од тортура и со Париски принципи за национални институции за човекови права | СРМ | НП<br>МП | Континуирано | Законот за Народен правобранител е усогласен со Париските принципи и е во Собраниска процедура (второ читање). |

| Препорака: | Мерка: | Институција носител: | Институции учесници: | Рок за реализација: | Статус на реализација: |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.3.6** Зајакнување на овластувањата на Народниот правобранител на пр. да се побара од Собранието да формира специјализирани времени анкетни комисии за сериозни повреди на човековите права или да иницира случај пред судовите против надлежните органи кои не ги почитуваат неговите препораки. За оваа цел, Законот за народниот правобранител ќе биде изменет. | **1.3.6.1** Усвојување на Закон за народен правобранител усогласен со Факултативниот протокол за превенција од тортура и со Париските принципи за национални институции за човекови права | СРМ<br>МП | НП | Континуирано | Законот за Народен правобранител е усогласен со Париските принципи и е во Собраниска процедура (второ читање). |
| **1.3.7** Дирекцијата за заштита на личните податоци, треба веднаш да спроведе истраги во врска со прислушкувањето, како и објавувањето на прислушкуваните материјали, на барање на засегнатото лице, во однос на можни прекршувања на Законот за заштита на личните податоци и транспарентно да известува за нејзините заклучоци без разлика на наодите. | **1.3.7.1** Доставување на извештај за број/вид на спроведени инспекциски надзори | ДЗЛП | МИОА | Квартално | До Дирекцијата за заштита на личните податоци не е пристигнато ниту едно барање или пријава од страна на граѓани во врска со прислушкувањето и објавувањето на прислушкуваните материјали.<br>ДЗЛП до СЕП ќе достави квартални извештаи за пристигнатите пријави и спроведените постапки. |
| **1.3.8** Да се спречат евентуалните влијанија врз работата на Дирекцијата за заштита на личните податоци. Доколку такви има, истите треба да се обелоденат и за тоа да се известат релевантните надлежни органи бидејќи тоа би било обид да се влијае врз Дирекцијата во однос на спроведувањето на нејзините овластувања. | **1.3.8.1** Доставување на Извештај до Собрание на РМ согласно Законот за заштита на личните податоци, член 42 | ДЗЛП | МИОА | 3/2016 | |
| **1.4. Анти-корупциски политики и законодавство** | | | | | |
| **1.4.1** Да се воспостави веродостојно досие за корупција на високо ниво, особено преку обезбедување дека сите тела за спроведување на законот и надзорни тела имаат доволно автономија да делуваат независно во согласност со законот | **1.4.1.1** Утврдување и примена на критериуми за определување на случаи на корупција од висок профил | МП | ЈОРМ<br>МВР<br>ОЈООКК<br>ВСРМ | 9/2015 | Прелиминарните критериуми се доставени до ЕК на 16.07.2015 и истите се прифатени од Јавното Обвинителство. |

| Препорака: | Мерка: | Институција носител: | Институции учесници: | Рок за реализација: | Статус на реализација: |
|---|---|---|---|---|---|
| да делуваат независно во согласност со законот (веродостојноста на сегашното досие е нарушена поради отсуство на извесен број важни случаи од претходните години). | **1.4.1.2** Редовно ажурирање на табелата за случаи на корупција од висок профил, на период од 6 месеци | ЈОРМ | ЈОРМ<br>ДКСК<br>МВР<br>УЈП<br>ДЗР<br>ЦУ<br>УФП<br>УФР | Полугодишно | Табелата е доставена до СЕП на 7.09 и истата се проследи до ЕК. Наредната ажурирана табела до ЕК ќе се достави на крајот на месец февруари. |
| | **1.4.1.3** Целосно ажурирање на досието на кривични истраги, обвиненија и пресуди (2008 – 2014) од страна на извршните органи и судовите, и досие со евиденција од МВР за организиран криминал и корупција, (два пати годишно)<br>(ПДВН) | ЈОРМ | | Полугодишно | Табелата е доставена до СЕП на 7.09 и истата се проследи до ЕК. Наредната ажурирана табела до ЕК ќе се достави на крајот на месец февруари. |
| | **1.4.1.4** Ажурирање на евиденцијата на активностите за превенција од корупција на Државната комисија за спречување на корупција - конфликт на интереси, анкетни листови, финансирање на политички партии (два пати годишно)<br>(ПДВН) | ДКСК | | Полугодишно | Табелите се доставени до ЕК на 1 септември 2015 година. Наредната ажурирана табела ќе се достави до ЕК на крајот на месец февруари. |
| | **1.4.1.5** Јавното обвинителство на РМ во годишните извештаи да известува за текот на случаите од висок профил на корупција | ЈОРМ | | 3/2016 | |
| | **1.4.1.6** ДКСК во годишните извештаи детално да известува за преземените мерки за борба со корупцијата | ДКСК | | 3/2016 | |

| Препорака: | Мерка: | Институција носител: | Институции учесници: | Рок за реализација: | Статус на реализација: |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.4.2** Целокупната борба против корупција треба да биде зајакната | **1.4.2.1** Донесување нов национален стратешки документ/државни програми за превенција и репресија на корупцијата и превенција намалување на појавата на судир на интереси, со акционен план | ДКСК | | 12/2015 | На 07.12.2015 година ја усвои Државната програма за превенција и репресија на корупцијата и превенција и намалување на појавата на судирот на интереси со Акционен план 2016- 2019 и истата јавно ја презентираше на конференција што се одржа на 09.12.2015г. На англиски јазик Државната програма е доставена до ЕК. |
| | **1.4.2.2** Во рамките на новиот национален стратешки документ да се изврши проценка за капацитетите на институциите за борба против корупција | | | | |
| | **1.4.2.3** Унапредување на системот за јавна внатрешна финансиска контрола | МФ | Сите буџетски корисници | 12/2015 | Активностите за унапредување на системот на јавна внатрешна финансиска контрола предвидени за 2015 година се реализирани. |
| | **1.4.2.4** Воведување Оценка на ризици за корупција (Corruption Risk Assessment) | МВР | МП<br>ГСВРМ<br>ДКСК | 3/2016 | Одржани се повеќе состаноци со претставници од ДКСК, МФ и ДЗР и одлучено е да се побара меѓународна подршка за подготовката на Методологија за утврдување на ризиците од корупција. На крајот на јануари 2016 година се одржа TAIEX Експертска мисија, при што се очекува да се изготви Предлог Методологијата. |

| Препорака: | Мерка: | Институција носител: | Институции учесници: | Рок за реализација: | Статус на реализација: |
|---|---|---|---|---|---|
| | **1.4.2.5** Утврдување на методологија за Анти-корупциска проверка на легислативата | ДКСК | | 12/2015 | На 22.09.2015 ДКСК ја усвои методологијата за антикорупциска проверка на легислативата. Во декември 2015 година е доставен допис од РАИ (Регионална антикорупциска иницијатива) кој нуди техничка помош за спроведување на методологијата. Помошта вклучува експертско мислење за методологијата; експертска помош за успешно започнување и воведување на ДКСК во процесот на антикорупциска проверка на легислативата; обуки за вработените на ДКСК; студиски посети за размена на искуства, како и ИТ решение за примена на методологијата. Помошта би се реализирала во периодот по мај 2016. На англиски јазик Методологијата за Анти-корупциска проверка на легислативата е доставена до ЕК. |

| Препорака: | Мерка: | Институција носител: | Институции учесници: | Рок за реализација: | Статус на реализација: |
|---|---|---|---|---|---|
| | **1.4.2.6** Зајакнување на капацитетите на ДКСК со одделение за антикорупциска проверка на легислативата | ДКСК | МФ | 3/2016 | ДКСК ги измени актите за внатрешна организација и систематизација на работните места на Секретаријатот, согласно кои се формира посебно одделение за антикорупциска проверка на легислативата, каде се предвидени 5 работни места: 1 раководител на одделение и 4 советници. Овие акти се доставени во МИОА на согласност. Согласно заклучокот од 129 седница на ВРМ, закажан беше состанок со Министерството за финасии со цел разгледување на можностите за обезбедување на потребните финансиски средства за спроведување на методологијата. МФ даде согласност за вработување на 5 службеници во ДКСКС. |
| | **1.4.2.7** Примена на критериумите за случаи од висок профил на корупција од страна на ЈОРМ | ЈОРМ | | Континуирано | |
| | **1.4.2.8** Изработка на препораки за унапредување на антикорупциската институционална рамка | ДКСК | | 10/2016 | |
| **1.4.3** Да се подобри проверката на изјавите за конфликт на интереси и анкетните листови на избраните и именуваните функционери преку воспоставување на централен регистар на такви лица | **1.4.3.1** Доставување Табеларен преглед на избрани и именувани лица | ГСВРМ | ГССРМ<br>МП<br>МЛС<br>ДКСК | 7/2015 | Доставен до ДКСК |

| Препорака: | Мерка: | Институција носител: | Институции учесници: | Рок за реализација: | Статус на реализација: |
|---|---|---|---|---|---|
| | **1.4.3.2** Донесување на образец за доставување на податоци за избрани и именувани лица од страна на надлежни институции | ДКСК | | 8/2015 | Усвоен Образец за податоци за избрани и именувани лица на 14.07.2015. Изготвено и усвоено Упатство за пополнување на образецот на 28.07.2015. Образецот е доставен до ЕК. |
| | **1.4.3.3** Подготовка на Правилник со кој ќе се уреди формата и содржината на Регистарот на избрани и именувани лица | ДКСК | | 9/2015 | Усвоен Правилникот за формата и содржината на Регистарот на избрани и именувани лица на 28.07.2015. На англиски јазик Правилникот е доставена до ЕК. |
| | **1.4.3.4** Донесување на Правилник за формата и содржината на Регистарот на избрани и именувани лица | ДКСК | | 10/2015 | Усвоен Правилникот за содржината, формата и начинот на водење на Регистарот на избрани и именувани лица на 28.07.2015. На англиски јазик Правилникот е доставена до ЕК. |
| | **1.4.3.5** Воспоставување на електронска база на податоци за избрани и именувани лица | ДКСК | | 3/2016 | Врз основа на доставениот табеларен преглед од 1.4.3.1, (што ГСВРМ и ГССРМ периодично ги ажурираат и доставуваат) ДКСК ги внесува податоците за избраните и именуваните лица во excel база што во моментов може да се користи како електронска база на податоци за избрани и именувани лица. По воведувањето на новото ИТ решение за регистар на избрани и именувани лица, ексел базата во целост ќе биде префрлена во тој систем. Во рамките на ИПА Твининг проектот се спроведуваат активности од страна на експерти од земјата партнер за изработка на софтверот на електронскиот регистар. |

| Препорака: | Мерка: | Институција носител: | Институции учесници: | Рок за реализација: | Статус на реализација: |
|---|---|---|---|---|---|
| | **1.4.3.6** Собирање на податоци за избрани и именувани лица (започнувајќи од април 2016) | ДКСК | | 5/2016 | Врз основа на доставените табеларни прегледи од 1.4.3.1, (што ГСВРМ и ГССРМ периодично ги ажурираат и доставуваат) ДКСК ги внесува податоците за избраните и именуваните лица во ексел база на податоци. По воведувањето на новото ИТ решение за регистар на избрани и именувани лица, ексел базата во целост ќе биде префрлена во тој систем. По тоа ќе следи континуирано собирање и полнење на базата на податоци за избраните и именуваните лица, согласно Законот за спречување на корупцијата. |
| | **1.4.3.7** Системска проверка на податоци врз основа на воспоставената база на податоци за избрани и именувани лица | ДКСК | | 6/2016 | Системската проверка на податоците се спроведува тековно од страна на ДКСК, а со воведувањето на новото софтверско решение ќе се овозможи системската проверка да ги опфати сите избрани и именувани лица. ДКСК има доставено барање до МИОА за приклучување во системот на операбилност со кој ќе се овозможи пристап и користење на базите на податоци на одредени надлежни институции кои располагаат со податоци од интерес на законската надлежност на ДКСК. |

| Препорака: | Мерка: | Институција носител: | Институции учесници: | Рок за реализација: | Статус на реализација: |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.4.4** Да се работи со експерти од ГРЕКО за да се воспостави нов, сеопфатен механизам за заштита на укажувачи во склад со последните препораки на Советот на Европа и најдобрите европски практики. | **1.4.4.1** Изработка на прва работна верзија на новото законско решение за воведување системска институционална заштита на укажувачи | МП | Шеф на Делег. на РМ во ГРЕКО<br>ДКСК<br>МВР<br>МФ<br>МИОА<br>МЛС<br>ЈОРМ<br>ССРМ<br>ДЗЛ<br>ДБКИ | 10/2015 | Законот за заштита на укажувачи е објавен во Службен весник бр. 196 од 10.11.2015 година, и истиот е пратен до Венецијанската комисија на мислење. |
| | **1.4.4.2** Консултација со Совет на Европа и ЕК за законското решение за воведување системска институционална заштита на укажувачи | МП | СЕП<br>МНР | 11/2015 | На 01.12.2015 Законот за заштита на укажувачи е доставен на Мислење до Венецијанската комисија.<br>Мислењето, по неговата подготовка, ќе биде разгледано и усвоено на 106-та пленарна седница на Венецијанската комисија на 11-12.03.2016. |
| | **1.4.4.3** Воспоставување на механизмот за заштита на укажувачите | МП | | 3/2016 | |
| | **1.4.4.4** Усвојување на законските измени за укажувачи | СРМ | | 11/2015 | Законот за заштита на укажувачи усвоен и објавен во Службен весник бр. 196 од 10.11.2015 година. |

| Препорака: | Мерка: | Институција носител: | Институции учесници: | Рок за реализација: | Статус на реализација: |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.4.5** Треба сериозно да се разгледа спроведувањето на истраги за обвинувањата за противзаконско однесување според наводите од прислушкувањата (вклучително и во изборниот процес), и без двоумење и страв, на неселективен начин, давајќи им поголем приоритет на посериозните незаконски дела кои наводно се откриени.<br>- Зависно од потребата, истрагата може да вклучи и запленување на регистрите на податоци и сите расположливи архиви на регистри на податоци од УБК и провајдерите на телекомуникациски услуги и нивна споредба со издадените судски налози. Онаму каде што е потребно, истражителите може да размислат за барање на меѓународна поддршка и експертиза, на пример во враќање или утврдување на автентичноста на избришаните регистри. | | Специјален Јавен Обвинител | МВР<br>МП<br>ДИК<br>Судови | | Започната е постапка за добивање на безбедносни сертификати за јавните обвинители, при што на дел од обвинителите веќе им се издадени сертификати за работа со класифицирани информации со степен на класификација „Државна тајна“.<br>На 19.11.2015г. до СЈО се доставени предмети оформени во ЈОРМ и тоа: 3 предмети од ОЈО за гонење организиран криминал и корупција, 30 предмети од ОЈО и по 1 од ОЈО Битола и ОЈО Куманово.<br>СЈО се прогласи за надлежно за 34 предмети, меѓу кои 16 предмети кои се однесуваат на изборни нерегуларности и случајот Пуч.<br>Првите случаи за злоупотреба на избирачкото право и изборни измами беа иницирани на 12.02.2016. |
| **1.5. Лустрација** | | | | | |
| 1.5.1. Да се адресираат сериозните недостатоци и да се ревидира/повлече Законот за лустрација и неговото спроведување (особено имајќи го предвид *amicus curiae* мислењето на Венецијанската комисија) во однос на временските ограничувања, заштитата од политички, идеолошки или партиски причини кои се користат како основи за лустрација; исклучување на лица на приватни или полуприватни позиции и посилна заштита на идентитетот на субјектите до конечната судска одлука). | **1.5.1.1** Подготовка и донесување на Закон за престанок на важење на Законот за определување на услов за вршење јавна функција, пристап до документи и објавување на соработката со органите на државна безбедност | МП | | 8/2015 | Законот е усвоен на 21.08.2015 (Службен весник бр.143/2015 од24.08.2015) |

| 2. Деполитизација на јавната администрација | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Препорака:** | **Мерка:** | **Институција носител:** | **Институции учесници:** | **Рок за реализација:** | **Статус на реализација:** |
| **2.1 Подобрување на управувањето со човечки ресурси** | | | | | |
| **2.1. 1.** Ригорозно да се спроведува новата законска рамка, Законот за административни службеници и Законот за вработени во јавниот сектор, со целосно почитување на принципите на транспарентност, заслуги и правична застапеност | **2.1.1.1** Донесување на Методологијата за планирање на вработувањата во јавниот сектор како и формата содржината и образецот на годишните планови за вработување, согласно ЗВЈС | МИОА | ССРД | 2/2016 | Методологија за планирање на вработувањата во јавниот сектор врз основа на начелото на соодветна и правична застапеност како и формата содржината и образецот на годишните планови за вработување е потпишана и ќе биде објавена во Службен Весник на РМ. |
| | **2.1.1.2** Донесување на годишни планови за вработување во јавниот сектор, согласно ЗВЈС | МИОА | Институции на јавен сектор | 3/2016 | Институциите ќе ги донесат годишните планови во рок од 20 дена од објавување на Методологијата. |
| | **2.1.1.3** Техничко зајакнување на Агенцијата за Администрација за спроведување на постапката на селектирање | МИОА | АА | 8/2015 | Опрема за снимање на полагањето и емитување во живо на веб страницата на АА е поставена. Софтверско решение за спроведување на постапка на селекција за вработување на административен службеник е интегрирано со системот за тестирање и со системот за снимање и полагање. Бројот на вработени во Агенцијата за постапките за селекција и за одлучување по жалби е значително зголемен. Апликацијата за евиденција на кандидати и резултати од сите фази на селекција е ажурирана согласно законските одредби. |

| Препорака: | Мерка: | Институција носител: | Институции учесници: | Рок за реализација: | Статус на реализација: |
|---|---|---|---|---|---|
| | **2.1.1.4** Спроведување на постапка за оценување и управување со ефект на административни службеници, согласно ЗАС | МИОА | Институции на јавен сектор | 3/2016 | Постапката на оценување за 2015 година е спроведена како пилот, доставени се извештаите, и на 01.03.2016 ќе биде изготвен и збирен извештај од страна на МИОА |
| | **2.1.1.5** Извештај за спроведување на постапки регулирани со Законот за административни службеници | МИОА | | 5/2016 | Изготвен е извештај за спроведување на постапки регулирани со Законот за административни службеници |
| | **2.1.1.6** Доставување на годишни извештаи за реализација на годишните планови за вработување, согласно ЗВЈС | МИОА | Институции на јавен сектор | 3/2017 | Согласно член 20-в став 1 од ЗВЈС, извештаите за 2016 година треба да се доставaт во 2017 година. |
| | **2.1.1.7** Воспоставување на електронскиот систем за управување со човечки ресурси, согласно ЗВЈС | МИОА | | 3/2016 | Воспоставен е електронскиот систем за управување со човечки ресурси, согласно ЗВЈС. |
| **2.1.2.** Да се стави мораториум на примената на Законот за трансформација на привремени вработувања во постојани позиции се додека принципот на заслуга не е целосно запазен во процесот на трансформација. | **2.1.2.1** Доставување на образложение до ЕК околу Законот за трансформација на привремени вработувања во постојани позиции | МИОА | МФ<br>СЕП | 7/2015 | Доставено до ЕК на 16.07.2015.<br>Законот за трансформација во редовен работен однос подразбира регулирање на трансформацијата во постојано вработување на неодреден временски период на оние лица кои имаат склучено волонтерски договори, спогодбени договори, договори за привремено вработување или било кој друг вид на договор со владините тела |
| **2.1.3.** Да се обезбедат бројки за сите вработени јавни службеници во сите владини министерства, агенции и други тела, поделени по сектори. | **2.1.3.1** Доставување на бројки за сите вработени јавни службеници во сите владини министерства, агенции и други тела, поделени по сектори | МИОА | МФ<br>СЕП | 3/2016 | Доставено до ЕК на 16.07.2015.<br>Јавно објавени податоци на веб страната на МИОА во август 2015.<br>Следниот извештај ќе биде објавен во март 2016. |

| Препорака: | Мерка: | Институција носител: | Институции учесници: | Рок за реализација: | Статус на реализација: |
|---|---|---|---|---|---|
| | **2.1.3.2** Спровдување на обуки за внесување на податоци и водење на софтвер за управување со човечки ресурси во чиј состав е и регистер на вработени | МИОА | | 10/2015 | Обучени се 1200 вработени, он лајн обуки се поставени на интернет, а од јуни 2015 функционира центар за техничка поддршка и обука на бројот 3248 074. |
| | **2.1.3.3** Прибирање и обработка на податоци за вработени во јавен сектор во електронскиот систем за управување со човечки ресурси | МИОА | | 3/2016 | Во тек е полнењето по што ќе биде воспоставен целосно функционален регистар на вработени во јавниот сектор. |
| | **2.1.3.4** Доставување на Извештаи за вработени два пати годишно (почнувајќи од јули 2015). | МИОА | | 7/2016 | Во јули 2015 година беше испратен извештај до ЕК за број на вработени јавни службеници, поделени по сектори. Следниот извештај ќе биде доставен во март 2016. |
| **2.1.4** Подобрување на капацитетите на МИОА за примена и следење низ администрацијата на спроведувањето на новото законодавство за административни службеници и вработени во јавниот сектор. | **2.1.4.1** Јакнење на човечки ресурси на МИОА за следење на спроведувањето на новото законодавство | МИОА | | 6/2016 | 6 административни службеници се преземени од ГС, во фаза на преземање се уште 2 од ССРД. |
| | **2.1.4.2** Реализација на обуки за спроведување на ново законодавство во рамки на МИОА | МИОА | | 9/2015 | МИОА спроведе обуки на тимовите кои работат на имплементација на новото законодавство со поддршка на Проектот на Кралството Велика Британија и преку ИПА проект. |
| **2.1.5** Јавна кампања и подигање на свеста за транспарентноста и деполитизацијата на јавната администрација | **2.1.5.1** Објавување на изработената кампања за реформи во јавната администрација | МИОА | | 7/2016 | Кампањата за реформи во јавната администрација е изработена но истата, поради прогласениот мораториум на владини кампањи на медиумите не е објавена. |
| **2.1.6** Во извештајот (кој се бара со законот), да се вклучи процена на тоа дали новиот систем за вработување/унапредување е имун на политичкото влијание вклучително и наменски и партиски вработувања<br>(ПДВН) | **2.1.6.1** Доставување на годишни извештаи согласно законот по започнувањето на постапки за вработувања/унапредувања согласно донесената Методологија за правична застапеност | МИОА | | 4/2016 | Согласно член 20-в став 1 од ЗВЈС, извештаите за 2016 година треба да се доставаат во 2017 година. |

| Препорака: | Мерка: | Институција носител: | Институции учесници: | Рок за реализација: | Статус на реализација: |
|---|---|---|---|---|---|
| **2.1.7** Да се обезбедат статистички податоци за вработувања во државните институции пред стапувањето во сила на двата нови закони за периодот октомври 2014-февруари 2015 (ПДВН) | **2.1.7.1** Обезбедување на статистички податоци за вработувањата во државната и јавната администрација за периодот октомври 2014 - февруари 2015 | МИОА | МФ | 7/2015 | Доставено до СЕП и ЕК |
| **2.1.8** За вработувањата пред стапување во сила на новата правна рамка, да се објасни како се почитуваа принципите на заслуга и транспарентност (ПДВН) | **2.1.8.1** Доставување на анализа за вработувањата пред стапување во сила на новата правна рамка | МИОА | МФ | 7/2015 | Доставено до СЕП и ЕК |
| **2.1.9** Воспоставување на Регистер на вработени во јавниот сектор (ПДВН) | **2.1.9.1** Прибирање и внесување на податоци за вработени од јавен сектор во електронскиот систем за управување со човечки ресурси | МИОА | | 3/2016 | Електронскиот систем за управување со човечки ресурси, кој опфаќа над 1300 институции, во однос на модулот за евиденција на институциите и персонална евиденција е подготвен и во тек е полнење со податоци како и обуки за користење на истиот. |
| | **2.1.9.2** Објавување на годишен извештај за податоци од Регистерот на вработени во јавниот сектор, согласно ЗВЈС | МИОА | | 04/2016 | Извештајот ќе биде објавен во Март 2016 година. |
| **2.2. Подобрување на рамка која ги опфаќа управните постапки** | | | | | |
| **2.2.1** Усвојување на нов Закон за општа управна постапка (ПДВН) | **2.2.1.1** Донесување на Законот за општата управна постапка од страна на Собранието на РМ | СРМ | МИОА | 7/2015 | Законот е усвоен од СРМ на 22.07.2015 (сл. Весник 124/2015). Релевантните закони се усогласуваат со новиот ЗОУП. |
| | **2.2.1.2** Усогласување на 210 материјални закони со Законот за општа управна постапка | МИОА | Институции на јавен сектор | 02/2016 | 96 закони се усогласени (се очекува да бидат усвоени од Собранието на РМ уште 46) дополнително ќе бидат усогласени и последните 50 закони. |
| | **2.2.1.3** Изработка на Каталог на јавни услуги | МИОА | | 06/2016 | Каталогот ќе биде изработен во предвидениот рок со поддршка на странски донатор (УСАИД) со кој е потпишан меморандум за соработка |

| Препорака: | Мерка: | Институција носител: | Институции учесници: | Рок за реализација: | Статус на реализација: |
|---|---|---|---|---|---|
| | **2.2.1.4** Воспоставување на системи за интероперабилност меѓу 25 државни институции | МИОА | | 02/2016 | Воспоставени се системи за интероперабилност меѓу 25 државни институции |
| | **2.2.1.5** Воспоставување на Сала за јавни услуги | МИОА | | 11/2016 | Склучен е договор со проектантско биро за идејно решение и премер и пресметка. |
| | **2.2.1.6** Воспоставување на национален портал за услуги | МИОА | | 12/2016 | Воспоставувањето на порталот е предвидено да се реализира преку ИПА 2012, за што постапката е започната. |
| **2.3 Децентрализација** | | | | | |
| **2.3.1** Да се преземат мерки за гарантирање на целосно спроведување на Законот за регионален развој од 2008 година, вклучувајќи и обезбедување на соодветни ресурси за регионален економски развој преку надлежните тела за рамномерен регионален развој и програмите на ресорните министерства<br>(ПДВН) | **2.3.1.1** Подготовка на предлог Закон за измена и дополна на Законот за рамномерен регионален развој, со кој треба да се обезбеди континуирана финансиска поддршка за Центрите за развој на планските региони | МЛС | БРР<br>ЦРПР<br>ССРД | 10/2015 | Законот за изменување и дополнување на Законот за рамномерен регионален развој е донесен ("Службен весник на РМ" 215/15). Во согласност неговите одредби, центрите за развој на планските региони се финансираат врз основа на склучени договори со МЛС и општините во состав на планските региони, за извршување на активности и задачи за тековната година. Центрите за развој на планските региони, почнувајќи од 2016 година ќе добиваат средства во максимален износ до 1.200.000 денари на име трошоци за администрирање на проектите кои се финансираат од Буџетот на Министерството за локална самоуправа и Бирото за регионален развој. Со донесените изменувања и дополнувања на Законот ќе се обезбеди финансиска одржливост на осумте центри за развој на планските региони. |

| Препорака: | Мерка: | Институција носител: | Институции учесници: | Рок за реализација: | Статус на реализација: |
|---|---|---|---|---|---|
| | **2.3.1.2** Склучување на Договори за соработка со дефинирани развојни приоритети по плански региони со Министерството за локална самоуправа. | МЛС | ЦРПР<br>ССРД | 6/2016 | Спроведен е вториот повик за прибирање на проекти за регионален развој. ВРМ донесе:Одлука за изменување на одлуката за доделување средства за финансирање на проекти за развој на планските региони во 2015 (Сл.Ве. 198/15 и 9/16 ), со која беа распределени 19.925.953 ден за проекти за развој на планските региони.Одлука за изменување на одлуката за доделување средства за финансирање на проекти за развој на подрачја со специфични развојни потреби во 2015г (Сл.Ве.198/15 ), со која беа распределени 6.000.000 за развој на подрачја со специфични развојни потреби– Одлука за изменување на одлуката за доделување средства за финансирање на проекти за развој на селата во 2015г (Сл.Ве.198/15 ), со која беа распределени 3.000.000 ден за развој на селата. |
| | **2.3.1.3** Воспоставување на 3 нови регионални бизнис центри и во останатите три плански региони: Вардарски, Пелгониски и Североисточен | МЛС | ЦРПР<br>ССРД | 10/2015 | На 05.10.2015 е отворен Бизнис центарот во Североисточен плански регион (Куманово), на 08.10.2015 е отворен Бизнис центарот во Пелагониски плански регион (Битола), и на 16.09.2015 е отворен последниот Бизнис Центар во Вардарски плански регион (Велес). |

| Препорака: | Мерка: | Институција носител: | Институции учесници: | Рок за реализација: | Статус на реализација: |
|---|---|---|---|---|---|
| | **2.3.1.4** Објава на дополнителен II повик за проекти од Програмата за рамномерен регионален развој за 2015 година (пооделни објави во МЛС и БРР) | МЛС<br>БРР | ССРД<br>МФ | 10/2015 | На 10.09.2015, БРР објави јавен повик за доставување на предлог-проекти за развој на планските региони, за развој на подрачја со специфични развојни потреби и за селата. Советот за рамномерен регионален развој на 4.11.2015, го утврди Предлогот за финансирање на конкретни проекти за развој на планските региони во 2015 година, по што Владата донесе:<br>• Одлука за изменување на одлуката за доделување средства за финансирање на проекти за развој на планските региони во 2015(дополнително распределени 19.925.953 ден)<br>• Одлука за изменување на одлуката за доделување средства за финансирање на проекти за развој на подрачја со специфични развојни потреби во 2015, дополнително распределени 6.000.000 ден)<br>• Одлука за изменување на одлуката за доделување средства за финансирање на проекти за развој на селата во 2015,(дополнително распределени 3.000.000 ден)<br>Од II повик беа доделени средства за финансирање на дополнителни 9 |

| Препорака: | Мерка: | Институција носител: | Институции учесници: | Рок за реализација: | Статус на реализација: |
|---|---|---|---|---|---|
| | **2.3.1.5** Зголемување на средствата за финансирање на проекти во рамките на Програмата за рамномерен регионален развој на МЛС и БРР | МЛС<br>БРР | ССРД<br>МФ | 1/2016 | Во согласност со Програмата за рамномерен регионален развој во 2016 година на МЛС ("Сл. Весник на РМ" 2/16 ,15/16) и Програмата за рамномерен регионален развој во 2016 година на БРР (Сл. Весник на РМ".2/16), во 2016 година ќе се распределат:<br>-179.315.540,00 денари за проекти за развој на планските региони<br>-51.233.010,00 денари за проекти за развој на подрачја со специфични развојни потреби и<br>-25.616.505,00 денари за проекти за развој на селата или<br>-вкупно за проекти за регионален развој 256.165.055,00 денари.<br>Во споредба со 2015 година кога беа распределени 130.854.953 денари, во 2016 година средствата за проекти за регионален развој се зголемени за 51%. |
| **2.3.2** Да се преземат чекори за подобрување на финансиската одржливост и финансиската независност на единиците на локалната самоуправа.<br>(ПДВН) | **2.3.2.1** Измена на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа во насока на реализирање на пораст на приходите од ДДВ<br>- 2016 година- ДДВ во висина од 4,75% за општини кои имаат реализација на сопствени приходи над 80%<br>- 2017 година- ДДВ во висина од 5,25% за општини кои имаат реализација на сопствени приходи над 85%<br>- 2018 година- ДДВ во висина од 6% за општини кои имаат реализација на сопствени приходи над 90% | МФ | МЛС<br>ССРД | 6/2016 | |

| Препорака: | Мерка: | Институција носител: | Институции учесници: | Рок за реализација: | Статус на реализација: |
|---|---|---|---|---|---|
| | **2.3.2.2** Законот за изменување на Законот за земјоделско земјиште со кој приходите од закуп на земјоделско земјиште етапно ќе се зголемуваат во корист на општините е донесен во ноември 2014 година (Службен весник на РМ бр. 166/2014),<br>- 2016 година – 20% за општините,<br>- 2017 година – 30% за општините<br>- 2018 година – 50% за општините | МЗШВ | МФ<br>МЛС<br>ССРД | 1/2017 | |
| | **2.3.2.3** Законот за изменување на Законот за водите е донесен во март 2012 година (Службен весник на РМ бр. 44/2012)<br>- 2016 година – 50% за општини | МЗШВ | МФ<br>МЛС<br>ССРД | 1/2016 | |

## 3. Изборна реформа

| Препорака: | Мерка: | Институција носител: | Институции учесници: | Рок за реализација: | Статус на реализација: |
|---|---|---|---|---|---|
| **3.1 Изборен законик** | | | | | |
| **3.1.1 Да се заврши изборната реформа** во склад со препораките на ОБСЕ/ОДИХР и на Венецијанската комисија, вклучително и зголемување на опсегот и можностите да се поднесуваат приговори и жалби, обезбедувајќи доволна раздвоеност помеѓу државата и политичките партии и обезбедување на обединет пристап на изборните тела на сите нивоа. | **3.1.1.1** Прибирање на Мислења од страна на надлежните органи по однос на секоја препорака одделно (препораки на ОБСЕ/ОДИХР и Венецијанската Комисија) | МП | ДИК<br>ДКСК<br>ДЗР<br>МВР<br>МНР<br>Политички партии | | |
| | **3.1.1.2** Разгледување на Мислењата добиени од институциите | РГ за измена на Изборен законик | | | |
| | **3.1.1.3** Средба на работната група (вклучување на претставници на политичките партии) | РГ за измена на Изборен законик | | | Работната група одржа состаноци на 13 и на 16 јули 2015 година. Политичките партии беа вклучени во дефинирањето на новите законски решенија. |
| | **3.1.1.4** Донесување на нов Изборен законик | СРМ | | | Законот за изменување и дополнување на Изборниот Законик е усвоен и објавен во Сл. Весник бр. 196 од 10.11.2015 година.<br>ДИК усвои План за работа во кој ќе се дефинираат активностите кои треба да се преземат до распишувањето на изборите и истиот го достави до Собранието на Република Македонија на информирање и до Владата на Република Македонија за имплементација. Во тек е реализација на зацртаните планирани активности со учество на надлежните институции. |

| Препорака: | Мерка: | Институција носител: | Институции учесници: | Рок за реализација: | Статус на реализација: |
|---|---|---|---|---|---|
| **3.1.2** Државната изборна комисија игра главна улога во надгледувањето на изборите. Секое мешање во нејзината работа е неприфатливо. Комисијата, како независно тело, треба да развие култура на неполитичко делување и обединувачки пристап кон нејзината работа. Треба сериозно да се размисли за назначување на значителен број на членови на Комисијата кои се со докажана независност и немаат никакви партиски врски. | | ДИК | МП | | |
| **3.1.3** Временскиот период на неправилностите, или временскиот период на нивното откривање не треба да претставуваат пречка за нивна ефективна истрага од страна на Државната изборна комисија. Комисијата треба проактивно да ги извршува своите широки овластувања и да презема сопствени иницијативи, според нејзините овластувања. | | ДИК | МП<br>ЈОРМ | | |
| **3.1.4** Финансирањето на партиите треба да ги почитува постојните правила. Да се разгледа можноста да се воведат рокови за Државната комисија за спречување на корупција да ги испита жалбите за злоупотреба на државни средства во текот на кампањата и ќе бидат обезбедат потребни средства за нивно навремено решавање во согласност со неисполнетите препораки на ГРЕКО и ОДИХР | | Политички Партии | ДКСК<br>ДИК<br>ДЗР<br>МП<br>МФ<br>МИОА | | |
| **3.2 Избирачки список** | | | | | |

| Препорака: | Мерка: | Институција носител: | Институции учесници: | Рок за реализација: | Статус на реализација: |
|---|---|---|---|---|---|
| **3.2.1 Да се направи ревизија на избирачкиот список** , во согласност со препораките на ОБСЕ/ОДИХР да се оцени точноста и комплетноста на податоците за гласачите, особено во однос на можни двојни гласачи; гласачи регистрирани одделно со податоци од лична карта и податоци од пасош; и адреси со голем број на регистрирани гласачи. Да се идентификуваат области за можно подобрување во точноста на податоците за гласачите. Да се ревидира и соодветно подобри точноста на избирачкиот список. | | ДИК | МВР<br>МНР<br>ДЗС<br>ДЗЛП<br>МП-УВМК<br>Политички партии | | Усвоени се двата правилници по претходно добиена согласнот од четирите политички партии и создадена е правна основа за вкрстена проверка и за ажурирање/бришење во избирачкиот список.<br>Обезбедени се простории за чување на базите на податоци и соодветна заштита. Во тек е постапка за ангажирање на дополнителен кадар во ИТ секторот на ДИК (10 извршители).<br>Во соработка со ИФЕС ангажирани се ИТ консултанти кои изготвуваатаат план на активности и потребните протоколи за вкрстени проверки на бази на податоци |

| 4. Имплементација на препораките на Анкетната комисија за настаните од 24 декември (2012) | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Препорака:** | **Мерка:** | **Институција носител:** | **Институции учесници:** | **Рок за реализација:** | **Статус на реализација:** |
| **4.1 Усогласување на одредбите помеѓу законот за Собранието и деловодникот за работа на Собранието** | | | | | |
| **4.1.1.** Деловникот за работа на СРМ треба да ги инкорпорира сите аспекти кои се однесуваат на работата на СРМ | | СРМ | | | Неопходно е политичко усогласување |
| **4.1.2.** Собранието на РМ да пристапи кон усогласување на одредбите од Законот за Собранието и Деловникот за работа на Собранието. | | СРМ | | | Неопходно е политичко усогласување |
| **4.1.3.** Да се усогласат одредбите за одржувањето на редот во Собранието, помеѓу Законот за Собранието и Деловникот за работа на Собранието со цел тоа прашање да се регулира со еден пропис. | | СРМ | | | Неопходно е политичко усогласување |
| **4.2 Процедурални предизвици** | | | | | |
| **4.2.1.** Координацијата треба да прерасне во советодавно тело на Претседателот на Собранието на РМ, кое обезбедува усогласување по клучните документи на Собранието. Комисијата предлага координацијата да одлучува по прашањето на второстепено одлучување по прашањата дефинирани со Етичкиот кодекс | | СРМ | Координатори на пратенички групи | | Неопходно е политичко усогласување |
| **4.2.2.**Координативното тело да има принцип на работа – усогласување на ставови. А доколку не може, улога да има ПСРМ да се обиде најмалку два пати да ги усогласи ставовите на ПГ. Во случај на отсуство на поголема ПГ од работа на координација, ПСРМ да одложува седница на координација. | | СРМ | Координатори на пратенички групи | | Неопходно е политичко усогласување |
| **4.2.3.** Во случај на континуирано (повеќе пати) отсуство на поголема ПГ од работата на координацијата, тогаш ПСРМ треба неколку пати (два-три) да се обиде да воспостави усогласување. | | СРМ | Координатори на пратенички групи | | Неопходно е политичко усогласување |

| Препорака: | Мерка: | Институција носител: | Институции учесници: | Рок за реализација: | Статус на реализација: |
|---|---|---|---|---|---|
| **4.2.4.** Согласно досегашната практика, но не спротивно на Деловникот, ЗПК ги разгледува амандманите кои поминале во расправа пред матично тело. Ова и формално правно да се регулира (да биде прецизирано во Деловник) ЗПК да одлучува по изјаснување од страна на надлежните работни тела. | | СРМ | | | Неопходно е политичко усогласување |
| **4.2.5.** Комисијата предлага да се изврши итна ревизија во Деловникот во делот на скратувањето на постапките за носење на одредени закони. (Во технички адендум: расправата по оваа точка ќе се однесува на ревизијата на одредбите од Деловникот усвоен на 12.2.2013 г., за должината на постапката) | | СРМ | | | Неопходно е политичко усогласување |
| **4.3 Процедура за носење на буџет** | | | | | |
| **4.3.1.** Да се предвиди ефикасна постапка за увојување на Буџетот, со точно прецизирани и утврдени рокови. | | СРМ | | | Неопходно е политичко усогласување |
| **4.3.2.** Предлог буџетот треба да биде поднесен до Собранието благовремено, за да може Собранието соодветно да го разгледа. Во ниту еден случај ова не смее да биде подоцна од три месеци пред почетокот на фискалната година. Буџетот треба да се усвои од страна на Собранието пред почетокот на фискалната година. | **4.3.2.1** Доставување на предлог буџетот до СРМ најдоцна еден квартал пред почетокот на фискалната година | ВРМ | МФ | 9/2015 | Предлог буџетот е доставен во СРМ на 24.09.2015 година и истиот е веќе усвоен. |

| Препорака: | Мерка: | Институција носител: | Институции учесници: | Рок за реализација: | Статус на реализација: |
|---|---|---|---|---|---|
| **4.3.3.** Предизборниот извештај, служи за транспарентност на општата состојба на финансиите на Владата непосредно пред избори. Истиот, служи за информирање на гласачите и за поттикнување на јавна дебата. Овој извештај треба да биде објавен најдоцна, две недели пред почетокот на изборите. Истиот ги содржи информациите содржани во полугодишниот финансиски извештај. Посебно внимание треба да се посвети на обезбедување на целосност на таквиот извештај. | **4.3.3.1** Доставување на предизборниот извештај две недели пред почетокот на избори | МФ | | | Според календарот за следните избори. |
| **4.3.4.** Да се преиспита потребата ЗПК да расправа за Буџет | | СРМ | | | Неопходно е политичко усогласување |
| **4.4 Раководење со пленум и работни тела на СРМ** | | | | | |
| **4.4.1.** Во Деловникот, се предлага општ став, сите деловнички одредби кои се однесуваат на работата на пленумот, за прашања кои не се регулирани со посебни одредби за работа на комисиите, соодветно да се применат одредбите од деловникот кои важат за пленум. | | СРМ | | | Неопходно е политичко усогласување |
| **4.4.2.** Во Деловникот, да се предвидат посебни одредби за работа на работните тела на Собранието соодветни на одредбите кои се однесуваат на работата на пленумот | | СРМ | | | Неопходно е политичко усогласување |
| **4.4.3.** Во Деловникот, да се предвидат ефикасни механизми за брзо утврдување и толкување на усогласеност на работата на претседавачот на пленумот, односно на работното тело со Деловникот. Ова да се применува во исклучителни ситуации, да не стане општо правило. | | СРМ | | | Неопходно е политичко усогласување |

| **Препорака:** | **Мерка:** | **Институција носител:** | **Институции учесници:** | **Рок за реализација:** | **Статус на реализација:** |
|---|---|---|---|---|---|
| **4.4.4.** Во Деловникот да се уреди прашањето за одговорноста на ПСРМ и претседателите на работните тела доколку не работат согласно Деловникот. | | СРМ | | | Неопходно е политичко усогласување |
| **4.4.5.** Со измените на Деловникот СРМ да утврди механизми со кои би се спречило блокирање на работа на пленумот и работни тела од страна на нивните претседатели, како и од страна на стручните служби на Собранието на Р.М. | | СРМ | | | Неопходно е политичко усогласување |
| **4.5 Собраниско обезбедување** | | | | | |
| **4.5.1.** Да се издвои собраниското обезбедување од Министерството за внатрешни работи и да се подведе непосредно под контрола на Собранието и под директен надзор на Собранието како засебна Служба за обезбедување на Собранието (доследно да се примени – операционализира Законот за Собранието). | | СРМ | МВР | 12/2015 | Одржан состанок на Работната Група на 10.07.2015, заклучено:<br>- изготвување анализа и споредбени податоци за: обезбедувањето на парламентите, за неутралните зони и етичките кодекси во парламентите од државите во регионот, како и пошироко.<br>- Работната група оцени изменување на одделни закони и подзаконски акти, и обезбедување финансиски средства и др. промени;<br>- На следните состаноци на РГ потребно е присуство на преставници на МВР, МФ и СОЗР. |
| **4.5.2.** Во случај на вонредни и непредвидени ситуации посебно да се нормира. | | СРМ | МВР | 12/2015 | |
| **4.6 Новинари** | | | | | |

| Препорака: | Мерка: | Институција носител: | Институции учесници: | Рок за реализација: | Статус на реализација: |
|---|---|---|---|---|---|
| **4.6.1.** Препорачува развивање на дијалог помеѓу новинари и координацијата на пратеничките групи. Дијалогот треба да биде консензуален на тема: слобода на извршување на новинарската дејност во и гаранција за остварување на истата, во рамките на Собранието. | | СРМ | Здруженија на новинари | Континуирано | Формирана е работна група составена од пратеници во Собранието, која започна со активности за реализација на препораката. |
| **4.6.2.** Комисијата препорачува дека ПСРМ, потпретседателите, координаторите на ПГ, претседателите на работните тела и сите пратеници во иднина треба со посебно внимание да се однесуваат кон слободата на известување на новинарите. | | Пратеници | Здруженија на новинари | Континуирано | Се практикува. |
| **4.7 Етички кодекс** | | | | | |
| **4.7.1.** Етички кодекс за пратеници | | СРМ | | Континуирано | Одржан состанок на Работната Група на 10.07.2015, заклучено:<br>- изготвување анализа и споредбени податоци за: обезбедувањето на парламентите, за неутралните зони и етичките кодекси во парламентите од државите во регионот, како и пошироко. |
| **4.7.2.** Етички кодекс за Службата во Собранието на РМ. | | СРМ | | | Се применува Кодексот за административни службеници (Сл.весник на РМ бр.183.2014) |
| **4.8 Измена и дополнување на кривичен законик** | | | | | |
| **4.8.1.** СРМ да отвори дебата за измени на КЗ во насока на предвидување на квалификаторни елементи доколку како извршител се јавува лице кое што е вршител на јавна функција, избрано и именувано лице. | | СРМ | МП | | Неопходно е политичко усогласување |
| **4.9 Јакнење на анкетни комисии и надзор** | | | | | |

| **Препорака:** | **Мерка:** | **Институција носител:** | **Институции учесници:** | **Рок за реализација:** | **Статус на реализација:** |
|---|---|---|---|---|---|
| **4.9.1.** Предлагањето на дополнителни одредби (да се вклучат во Деловникот) на основа на чл. 76 од Уставот, а кои се однесуваат на формирањето на анкетни комисии со цел зајакнување на собраниските капацитети да покрене истрага секогаш кога за тоа има потреба. (Истражни комисии, интегрирани во Законот за Собрание, како и специфични регулативи за повикување на сведоци како дел од парламентарниот надзор ќе бидат определени во иднина.) | | СРМ | | | Неопходно е политичко усогласување |
| **4.9.2.** Во Деловникот за работа на Собранието да се воведе нова глава во која посебно и целосно ќе биде регулирана работата на анкетните комисии а со цел зајакнување на нивната улога. | | СРМ | | | Неопходно е политичко усогласување |
| **4.10 Собраниски календар** | | | | | |
| **4.10.1.** Да се утврди точниот список на неработни денови. | | ГССРМ | | Континуирано | Формирана е работна група составена од пратеници во Собранието, која започна со активности за реализација на препораката. |
| **4.10.2.** Исклучоци од утврдениот календар, утврдува ПСРМ во консултација со координативното тело. | | СРМ | | Континуирано | |
| **4.10.3.** Комисијата препорачува кога има закажана пленарна седница на Собранието не би требало да се закажуваат седници на работни тела. | | СРМ | | Континуирано | |
| **4.11 Неутрална зона околу Собранието** | | | | | |

| **Препорака:** | **Мерка:** | **Институција носител:** | **Институции учесници:** | **Рок за реализација:** | **Статус на реализација:** |
|---|---|---|---|---|---|
| **4.11.1.** Да се воспостави неутрална зона околу Собранието заради: засилување на интегритетот и независноста на Собранието, интегритетот и слободата на пратеникот. | | СРМ | МВР | Континуирано | Одржан состанок на Работната Група на 10.07.2015, заклучено:<br>- изготвување анализа и споредбени податоци за: обезбедувањето на парламентите, за неутралните зони и етичките кодекси во парламентите од државите во регионот, како и пошироко. |
| **4.11.2.** Во неутралните зони, да не се дозволени манифестации (зона каде не смее да има притисок врз пратениците односно да се овозможи во секое време слободен пристап на пратениците до објектот на Собранието. Постојната зона која оперативно ја утврдува МВР технички е во ред, но истата мора биде уредена со Закон). | | МВР | СРМ | Континуирано | |
| **4.11.3.** Да се предвиди норма во случај на непочитување на оваа неутрална зона. | | МВР | СРМ | Континуирано | Оваа активност ќе се реализира по донесување на Законот за Собрание |

| 5. Медиуми: Слобода на изразување | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Препорака:** | **Мерка:** | **Институција носител:** | **Институции учесници:** | **Рок за реализација:** | **Статус на реализација:** |
| **5.1 Јавен радиодифузен сервис (МРТ)** | | | | | |
| **5.1.1.** Да се обезбедат видливи докази за тековни реформи во јавниот радиодифузен сервис во однос на политика, организација, едукација и уредништво, насочени кон адресирање на критиките редовно искажувани во минатото во однос на неговиот недостиг на политичка независност, недостиг на балансирано известување, како и обезбедување информативна, висококвалитетна содржина | **5.1.1.1** Подготовка на Кодекс на професионални новинарски стандарди и принципи на МРТВ, јавни консултации и усвојување на Кодексот | МРТВ | Здруженија на новинари | 11/2015 | МРТ со поддршка на Амбасадата на Велика Британија, а во соработка со британскиот јавен сервис BBC изработи Етички и професионални принципи на МРТВ за медиумско покривање на изборни процеси.<br>МРТ има изработено и Општ етички кодекс кој го презентираше на 17-ти ноември 2015 година кога за него дебатираа раководството на јавниот сервис, новинарите, снимателите, здруженијата на новинари и Агенцијата за аудио и визуелни услуги. |
| | **5.1.1.2** Консултации со здруженијата на новинари и други засегнати страни | МИОА | АВМУ<br>МРТВ<br>Здруженија на новинари | Континуирано | Министерот за информатичко општество и администрација на 23-ти, 24-ти и 25-ти декември одржа поединечни состаноци со ЗНМ, МАН, ССНМ, ММА и Советот за етика во медиумите, на кои беа разгледани прашања од медумската сфера. Слични состаноци и јавни дебати на кои присуствуваше министерот беа организирани од здруженијата на новинари. |
| | **5.1.1.3** Имплементација на препораките за подобар јавен сервис | МРТВ | МИОА<br>АВМУ | 4/2016 | Се разгледува во рамките на политичкиот дијалог. |
| | **5.1.1.4** Подобрување на квалитетот на јавниот сервис на јазиците на заедниците | МРТВ | ССРД<br>МИОА<br>АВМУ | 10/2015 | Се разгледува во рамките на политичкиот дијалог. |

| Препорака: | Мерка: | Институција носител: | Институции учесници: | Рок за реализација: | Статус на реализација: |
|---|---|---|---|---|---|
| | **5.1.1.5** Јавни консултации и анализи за евентуални потребни промени на моделот на финансирање на МРТВ и соодветни измени во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | МРТВ | МИОА<br>МФ | 11/2015 | Се разгледува во рамките на политичкиот дијалог. |
| | **5.1.1.6** Јавни консултации и анализи за евентуални потребни промени во работата на Агенцијата за аудио и аудио-визуелни медиумски, вклучително и Советот на Агенцијата | АВМУ | МИОА | 12/2015 | Се разгледува во рамките на политичкиот дијалог. |
| **5.2 Владини кампањи** | | | | | |
| **5.2.1** Да се воспостават строги правила за владино рекламирање засновани на транспарентни, објективни и недискриминациски критериуми. | **5.2.1.1** Донесување на правна рамка по претходни консултации со засегнатите страни заради прецизно регулирање на владиното рекламирање и објавувањето на кампањи од јавен интерес | МИОА | ГС | 4/2016 | Се разгледува во рамките на политичкиот дијалог. Изготвен е предлог закон за јавно-финансирани информативни и рекламни кампањи, со кој се пропишуваат начелата, постапката на одобрување, начинот на распределба на средствата за финансирање наменети за закуп на медиумски простор, односно време за јавно-финансираните информативни кампањи. Начелата се однесуваат на 1) релевантност на кампањите во однос на законските надлежности, 2) оправданост на кампањите, целите и комуникациската стратегија и 3) политичката неутралност на кампањите, како и механизми за проверка на почитувањето на овие принципи. Веќе е избрана е реномирана светски призната рејтинг агенција што ќе го мери рејтингот на националните телевизии. |

| **Препорака:** | **Мерка:** | **Институција носител:** | **Институции учесници:** | **Рок за реализација:** | **Статус на реализација:** |
|---|---|---|---|---|---|
| | **5.2.1.2** Утврдување на методологија за распределба на средства кои се наменети за кампањи од јавен интерес од страна на буџетски корисници, претпријатија во државна сопственост, јавни претпријатија и државни агенции | МИОА<br>ГСВРМ | АВМУ | 4/2016 | Се разгледува во рамките на политичкиот дијалог. Изготвен е предлог закон за јавно-финансирани информативни и рекламни кампањи, со кој се пропишуваат начелата, постапката на одобрување, начинот на распределба на средствата за финансирање наменети за закуп на медиумски простор, односно време за јавно-финансираните информативни кампањи. |
| **5.2.2** Да се обезбеди целосна транспарентност на владиното рекламирање (не само во однос на трошењето на јавните финансии, туку и во однос на примателите и содржините). | **5.2.2.1** Утврдување на методологија за распределба на средства кои се наменети за кампањни од јавен интерес од страна на буџетски корисници, претпријатија во државна сопственост, јавни претпријатија и државни агенции | МИОА | ГСВРМ | 4/2016 | Се разгледува во рамките на политичкиот дијалог. Изготвен е предлог закон за јавно-финансирани информативни и рекламни кампањи, со кој се пропишуваат начелата, постапката на одобрување, начинот на распределба на средствата за финансирање наменети за закуп на медиумски простор, односно време за јавно-финансираните информативни кампањи. |
| **5.2.3** Да се развие механизам за бесплатни објави на јавниот сервис кои се навистина од јавен интерес. | **5.2.3.1** Доставување на препораки до Владата за воспоставување на механизам за бесплатни објави на јавниот сервис, согласно изработена компаративна анализа | МИОА | | 4/2016 | Се разгледува во рамките на политичкиот дијалог. |
| | **5.2.3.2** Консултации со здруженијата на новинари и други засегнати страни | МИОА | АВМУ<br>МРТВ<br>Здруженија на новинари | 4/2016 | Владата на 02.02.2016 одржа состаноци со сите новинарски здруженија. |
| | **5.2.3.3** Имплементација на препораките | МРТВ | МИОА<br>АВМУ | 4/2016 | Во тек е имплементацијата на препораките. |

| Препорака: | Мерка: | Институција носител: | Институции учесници: | Рок за реализација: | Статус на реализација: |
|---|---|---|---|---|---|
| **5.2.4** Правилата во однос на медиумската сопственост и медиумското финансирање ќе бидат ревидирани со цел да се направат медиумската сопственост и медиумското финансирање потранспаренти. | **5.2.4.1** Подготовка на предлог за измени на Законот за медиуми за зголемување на транспарентноста на медиумското финансирање | МИОА | | 4/2016 | Ќе биде земено предвид во измените на законот ако такви произлезат во рамките на политичкиот дијалог. |
| **5.3. Пристап до информации (јавни информации)** | | | | | |
| **5.3.1.** Да се адресираат главните пречки со кои се соочуваат новинарите при добивањето на информации од јавен карактер (на пр. Неуспехот на надлежните тела да одговорат на многу барања за информации, неоправданото прекумерно користење на категоријата „доверливо“ за документи што не се од таква природа). | **5.3.1.1** Анализа на потреба од евентуални измени на Законот за слободен пристап до информации | МП | КЗПСПИЈК | Во тек | Формирани се работни групи за оценување на усогласеноста на националното законодавство со Конвенцијата на Советот на Европа за пристап до јавните документи, како и да се оцени потребата за измени на Законот за слободен пристап до информации. |
| | **5.3.1.2** Доставување на предлог мерки за адресирање на главните пречки за добивање на информации од јавен карактер | МП | КЗПСПИЈК | 3/2016 | |
| **5.4. Клевета (Намалување на бројот на случаи на клевета што стигнуваат во судовите што треба да се постигне преку:** | | | | | |
| **5.4.1** Ревидирање на законодавството за да се отстранат случаите од типот „чест“, „достоинство“ и „навреда“, кои се покренуваат под статутарната дефиниција за навреда, а спаѓаат надвор од опсегот на клевета во смисла на член 10 од ЕКЧП и зголемување на користењето медијација за | **5.4.1.1** Усвојување на Анализата на препораки од експертската мисија во однос на Законот за граѓанска одговорност за клевета и навреда и доставување на мислење до ЕК | МП | СЕП | 7/2015 | Анализата е подготвена и предвидува дополнувања на Законот за граѓанска одговорност за клевета и навреда. |

| Препорака: | Мерка: | Институција носител: | Институции учесници: | Рок за реализација: | Статус на реализација: |
|---|---|---|---|---|---|
| олеснување на користењето медијација за решавање на истите | **5.4.1.2** Ревидирање на Законот за граѓанска одговорност за клевета и навреда согласно анализата | МП | Здруженија на новинари | Во тек | Во министерството за правда формирана е широка работна група во која учествуваат и преставници на ЗНМ, МАН и ММА, со обврска да подготви измени во Законот за граѓанска одговорност за клевета и навреда, согласно препораките утврдени во експертиза добиена од ЕУ. Се очекува работната група за кратко време да предложи конкретни предлог измени на законот.<br>Со цел усогласување на идните измени во Законот за граѓанска одговорност за клевета и навреда со Законот за медиуми, ќе бидат потребни и измени во Законот за медиуми во делот кој се однесува на правото на одговор и исправка. |
| | **5.4.1.3** Консултација на измените на Законот за граѓанска одговорност за клевета и навреда со ЕК и CoE | МП | СЕП<br>МНР | Континуирано | |
| | **5.4.1.4** Усвојување на измени на Законот за граѓанска одговорност за клевета и навреда | СРМ | МП | Континуирано | |
| | **5.4.1.5** Целосно ажурирање на евиденцијата за клевета 2008 – 2014 (вклучувајќи ја примената на член 10 од ЕСЧП од судовите); (да се доставува извештај два пати годишно)<br>(ПДВН) | | | Полугодишно | Врз основа на податоците добиени од судовите завршено е ажурирањето на евиденцијата за клевета. Табелата преку СЕП се достави до ЕК на 1 септември 2015 година. |
| **5.4.2** Поддршка и промоција на поголемо користење на саморегулација како алтернатива за судските постапки | **5.4.2.1** Организирање дебати за саморегулација и консултации за потребата за измена на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | МИОА | АВМУ<br>Здруженија на новинари<br>СЕМ | Континуирано | |

| **Препорака:** | **Мерка:** | **Институција носител:** | **Институции учесници:** | **Рок за реализација:** | **Статус на реализација:** |
|---|---|---|---|---|---|
| | **5.4.2.2** Организирање дебати и консултации за саморегулација, за зајакнување на улогата на Совет за етика во медиумите, за потребата од враќање на член 10 од Законот за медиуми или сличен, кој има за цел да наметне обврска на издавачите на медиуми да усвојат саморегулаторен акт со кој ќе ги утврдат професионалните правила на новинарската професија во својот медиум. Ова би повлекло евентуални измени на Законот за медиуми и Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | МИОА | Совет за етика во медиумите, новинарски здруженија, издавачи на медиуми | Континуирано | |
| **5.4.3** Да се гарантира и спроведе на политичко ниво примена на соодветно самоограничување од страна на политичарите и јавните функционери **за да не се покренува постапка за клевета**, во согласност со принципите на ЕСЧП | | | | Континуирано | Во овој контекст АВМУ реализира активности за популаризирање на правото на исправка и одговор како механизам за избегнување на тужбите за клевета. Агенцијата има изготвено план за популаризирање на правото на одговор и исправка, кој е достапен на веб страната на Агенцијата. Исто така на веб страната се објаснети и чекорите како субјектите можат да го искористат ова право. http:////avmu.org.mk/images/Plan_za_pravo_na_odgovor_i_ispravka.pdf |
| **5.4.4** Да се продолжи дијалогот со релевантните актери во медиумската сфера за:<br>· Подобри професионални стандарди и права на медиумските работници;<br>· Заштита на слободата на електронските медиуми и дополнително унапредување на медиумскиот плурализам;<br>· Поддршка на саморегулаторното тело;<br>· Зајакнување на квалитетот и независноста на јавниот радиодифузер и обезбедување на негова финансиска одржливост. | **5.4.4.1** Одржување на редовни состаноци со ЗНМ, МАН и ММА (на секои две недели) за теми:<br>• Потребата да се врати обврската издавачот на медиумот да усвои акт за подобра заштита на правата на новинарите;<br>• Потребата да се измени Законот за работни односи за да се усогласи со членот 11 од Законот за медиуми | МИОА | Здруженија на новинари | Континуирано | |

| Препорака: | Мерка: | Институција носител: | Институции учесници: | Рок за реализација: | Статус на реализација: |
|---|---|---|---|---|---|
| (ПДВН) | **5.4.4.2** Покренување на иницијативи за изменување/усогласување на сите постојни прописи кои имаат допирни точки со медиумската сфера а со цел унапредување на слободата на изразување, развој на слободни, независни и плурални медиуми, во соработка со другите државни органи и тела. | МИОА | Здруженија на новинари | Континуирано | |
| | **5.4.4.3** Поддршка за учество на новинарите на меѓународни професионални обуки и едукација, и партиципација во проекти кои ги финансира и организира Европската Унија, Советот на Европа, ОБСЕ и други меѓународни организации и тела, кои придонесуваат за развојот на слободата на изразување и медиумскиот сектор воопшто | МИОА | Здруженија на новинари<br>СЕМ<br>МРТВ<br>Медиуми<br>СЕП<br>МНР | Континуирано | Во рамките на воспоставената соработка на МИОА со Делегацијата на ЕУ во РМ, на 15 октомври 2015 година на веб страната на МИОА објавена е листата на можности за финансирање на медиумски здруженија, тинк-тенк организации и медиумски синдикати преку програми на ЕУ. |

| **Препорака:** | **Мерка:** | **Институција носител:** | **Институции учесници:** | **Рок за реализација:** | **Статус на реализација:** |
|---|---|---|---|---|---|
| | **5.4.4.4** Поддршка за организирање на јавни расправи, работилници кои придонесуваат во унапредувањето на слободата на изразување и информирање, медиумскиот сектор како и развојот на новиот конвергентен медиумски еко систем. | МИОА | Здруженија на новинари<br>СЕМ<br>НВО | Континуирано | >Владини реклами-јавен интерес или политичка пропаганда, укинување или критериуми за распределба организирано од ЗНМ со учество на МИОА, 01.07.2015.<br>>Потребни реформи во јавниот радиодифузен сервис организирано од МИОА, 20.07.2015.<br>>„Реформи во медиумскиот сектор во Република Македонија“ организирана од ЗНМ, 10.2015<br>>Национална конференција „Новинарска етика и медиумски вредности„ организирана од Македонски институт за медиуми и Совет за етика, 11.2015<br>>Јавна дебата за правата и одговорностите при комуницирањето на интернет организирана од Македонски институт за медиуми, 12.2015.<br>>Меѓународна конференција Е-општество.мк организирана од Метаморфозис на тема „Слобода и приватност на интернет„ 12.2015.<br>>Конференција „За медиумските работи„ организирана од Самостојниот синдикат на новинари и медиумски работници, 12.2015. |
| **5.4.5** Судовите треба да развијат јасна и предвидлива практика за заштитата на слободата на изразување во поглед на тужбите за клевета, објективно и без оглед на странките во спорот. Медијацијата и саморегулацијата треба да играат важна улога во намалувањето на големиот број на случаи кои доаѓаат до судовите. Треба да се размисли за проширување  на опфатот на сегашните законски ограничувања за медиумска одговорност за клевета на сите видови на обвинети. | | Судовите | МП<br>МИОА<br>Здруженија на новинари<br>СЕМ<br>АСЈО<br>БЗРМ-ЕСЧП | Континуирано | |

| **Препорака:** | **Мерка:** | **Институција носител:** | **Институции учесници:** | **Рок за реализација:** | **Статус на реализација:** |
|---|---|---|---|---|---|
| **5.4.6** Работните услови на новинарите треба да се подобрат со цел да се намали самоцензурата. | **5.4.6.1** Да се разгледа можноста да се врати обврската издавачот на медиумот да усвои акт за подобра заштита на правата на новинарите. | МИОА | МП<br>МТСП<br>ГСВРМ<br>Здруженија на новинари<br>Синдикат на новинари | Континуирано | |

| **6. Фундаментални права: Права на немнозинските заедници и ранливите групи** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Препорака:** | **Мерка:** | **Институција носител:** | **Институции учесници:** | **Рок за реализација:** | **Статус на реализација:** |
| **6.1 Немнозински заедници** | | | | | |
| **6.1.1** Понатамошно подобрување на правичната застапеност на немнозинските заедници, со посебен акцент на застапеноста на повисоко (раководно) ниво<br>(ПДВН) | **6.1.1.1** Предлог план за имплементација на прераспределбата на административни службеници кои се вработени преку програмата за вработување на етничките заедници | ССРД | МИОА<br>ГСВРМ | 6/2016 | |
| | **6.1.1.2** Прераспределба на административни службеници кои се вработени преку програмата за вработување на етничките заедници | ССРД | ГСВРМ<br>МИОА<br>АОПЗ<br>МФ | 6/2016 | |
| | **6.1.1.3** Обврзување на институциите да ги превземат сите мерки за превземање на овие административни службеници | ВРМ | ССРД<br>МИОА<br>ГСВРМ | 6/2016 | |
| | **6.1.1.4** Реализација на програмата за вработување на етничките заедници за 2015 | ССРД | ГСВРМ<br>МИОА<br>АОПЗ<br>МФ | 6/2016 | |
| **6.1.2** Јакнење на меѓу-институционалната соработка за правата на заедниците<br>(ПДВН) | **6.1.2.1** Да се утврди листа и преглед на конкретни надлежности на сите меѓу-институционални тела кои се одговорни за правата на заедниците | ССРД | МЛС<br>АОПЗ<br>ГССРМ<br>ГСВРМ<br>МФ<br>МИОА | 9/2016 | Во Нацрт-прегледот за спроведување на ОРД за социјална кохезија се предложени неколку мерки за да се постигне меѓуинституционална координација во однос на заштита на правата на заедниците. Во рамките на ИПА да се подготви проект кој би бил замена за ИПА ТАИБ 2009 „Поддшка на институциите во спроведување на политиките релевантни за немнозинските заедници“, поради испуштење на рокови, сретствата беа изгубени и проектот не беше реализиран (1,8 мил. €). |

| Препорака: | Мерка: | Институција носител: | Институции учесници: | Рок за реализација: | Статус на реализација: |
|---|---|---|---|---|---|
| | **6.1.2.2** Да се утврдат предлози за надминување на функционалните и оперативните недостатоци во работењето на меѓу-институционалните тела | ССРД | МЛС<br>АОПЗ<br>ГССРМ<br>ГСВРМ<br>МФ<br>МИОА | 9/2016 | |
| | **6.1.2.3** Да се достави извештај за напредокот во меѓу-институционалната соработка | ССРД | МЛС<br>АОПЗ<br>ГССРМ<br>ГСВРМ<br>МФ<br>МИОА | 12/2016 | |
| | **6.1.2.4** Спроведување на Законот за употреба на јазик што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните на РМ и во единиците на локалната самоуправа, согласно и Уставот на РМ | ВРМ | ССРД<br>МЛС | Континуирано | |
| **6.2 Роми** | | | | | |
| **6.2.1** Развој на нови Акциски планови поврзани со новата Стратегија за Ромите<br>(ПДВН) | **6.2.1.1** Подготовка и усвојување на Национален акционен план (НАП) за здравство | МТСП | МЗ | 9/2015 | НАП-от за здравство е разгледан и усвоен од страна на Владата на Република Македонија на 135-тата седница, одржана на 5 јануари 2016 година. |
| | **6.2.1.2** Подготовка и усвојување на НАП за вработување | МТСП | АВРМ | 2/2016 | НАП-от е веќе разгледан на Владините комисии и се очекува истиот да биде усвоен од страна на Владата на РМ на една од следните седници. |
| | **6.2.1.3** Подготовка и усвојување на НАП за образование | МТСП | МОН | 2/2016 | НАП-от е веќе разгледан на Владините комисии и се очекува истиот да биде усвоен од страна на Владата на РМ на една од следните седници. |
| | **6.2.1.4** Подготовка и усвојување на НАП за домување | МТСП | МТВ | 2/2016 | НАП-от е веќе разгледан на Владините комисии и се очекува истиот да биде усвоен од страна на Владата на РМ на една од следните седници. |

| **Препорака:** | **Мерка:** | **Институција носител:** | **Институции учесници:** | **Рок за реализација:** | **Статус на реализација:** |
|---|---|---|---|---|---|
| | **6.2.1.5** Подготовка и усвојување на НАП за зајакнување на положбата на ромската жена во оптшеството 2015-2020 | МТСП | | 2/2016 | НАП-от е веќе разгледан на Владините комисии и се очекува истиот да биде усвоен од страна на Владата на РМ на една од следните седници. |
| **6.2.2** Продолжување со следење и спроведување на заклучоците од јули 2011 година од Семинарот за Ромите и соодветниот Акциски план на владата, вклучувајќи организирање на состаноци за преглед на полугодишниот напредок (ПДВН) | **6.2.2.1** Редовно следење и ажурирање на статусот на реализираните активности по однос на утврдените мерки, на шест месечно ниво | МТСП | НКТСИСДР | 8/2016 | МТСП, врз основа на добиените информации од сите надлежни институции, ја подготви Информацијата за реализираните активности во периодот јули-декември 2015 година и истата ја достави до Кабинетот на министерот без ресор, кој треба да ја достави до Владата на РМ на разгледување и усвојување. |
| | **6.2.2.2** Организирање на работни состаноци за следење на напредокот по донос на мерките | МТСП | СЕП<br>Кабинет на Министерот без ресор | 6/2016 | Беше планирано 7-мата работна средба да се одржи на 13 ноември 2015 година, но на барање на Европската комисија, одржувањето е одложено и истата ќе биде организирана и одржана дополнително во текот на годинава. |
| **6.2.3** Покрај, соодветното одделение во МТСП за одржување на редовна координација и контакт со заинтересираните страни, да се формира (меѓу министерска) работна група за спроведување на заклучоците од Загребската декларација за лица без документи за идентификација (ПДВН) | **6.2.3.1** Одржување на месечни состаноци на работната група, претставници од ресорните министерства | МТСП | УВМК<br>МВР<br>МНР<br>НВО | Континуирано | Во текот на јануари се одржа состанок со невладините организации за моменталните состојби и проблеми во однос на акцијата за лицата без документи за идентификација. Следниот состанок на работната група е закажан на 24.02.2016 година. |

| Препорака: | Мерка: | Институција носител: | Институции учесници: | Рок за реализација: | Статус на реализација: |
|---|---|---|---|---|---|
| | **6.2.3.2** Подготовка на предлог концепт за измени на законската рамка поврзани со матична евиденција, вонпарнична постапка и законот за семејство и утврдување на старателство. | МТСП | МП<br>УВМК<br>МВР<br>МНР<br>НВО | 9/2016 | Подготвена е информација усвоена од Владата на РМ, како и база на податоци за лицата без документи за идентификација, која е доставена до Управата за водење на матичните книги (УВМКР).<br>Во тек е нивно разгледување и произнесување за изнаоѓање на најсоодветни решенија (измени во постапки, законски измени и дополнувања на повеќе закони и сл.) за надминување на проблемите со кои се соочуваат лицата без документи.<br>Во УВМКР формирана е и интерна работна група која работи на изнаоѓање на решенија за можните измени во Законот за матична евиденција. |
| | **6.2.3.3** Редовно известување за активностите поврзани со надминување на проблемот на лицата без документи-годишни извештаи. | МТСП | | Континуирано | Во тек е подготовката на Извештајот/Информација за превземените и реализирани активности во текот на годината, за надминување на проблемот со лицата без документи. Информацијата ќе се достави до Владата на РМ за разгледување. |

| Препорака: | Мерка: | Институција носител: | Институции учесници: | Рок за реализација: | Статус на реализација: |
|---|---|---|---|---|---|
| **6.2.4** Спроведување на мерките за презастапеност на ромски деца во посебни училишта: изменување на важечкото законодавство, препорачливо пред почетокот на училишната година во септември (Министерство за здравство/Министерство за образование и наука/Министерство за труд и социјална политика).<br>(ПДВН) | **6.2.4.1** Спроведување на постапка на Рекатегоризација на децата Роми, сместени во специјалните училишта, почнувајќи од септември 2015 | МЗ | МТСП<br>МОН | 9/2016 | Од 10.2014 до 03.2015 се спроведе теренска ревизија во специјалните училишта во РМ за утврдување на фактичката состојба во однос на децата Роми запишани во овие училишта. Последователно, како прва итна мерка, од ноември до декември 2015г, во 9 специјални училишта се спроведе рекатегоризација на сите деца Роми запишани, од страна на Комисијата за рекатегоризација на децата Роми составена од лекари, социјални работници и преведувачи на ромски и знаковен јазик. Целта беше да се утврди реалната здравствена состојба на децата. Извештајот ќе биде подготвен најдоцна до март 2016 г. и ќе содржи информации за бројот на рекатегоризирани деца, нивната здравствена состојба и препораки за нивно понатамошно вклучување во образовниот процес. |

| Препорака: | Мерка: | Институција носител: | Институции учесници: | Рок за реализација: | Статус на реализација: |
|---|---|---|---|---|---|
| | **6.2.4.2** Подготовка на индивидуален план за работа за секое дете за кое со рекатегоризацијата ќе биде утврдено дека може да посетува редовна настава | МОН | БРО | 5/2017 | Индивидуалните планови ќе се спроведуваат по завршувањето на процесот на рекатегоризација на децата Роми запишани во специјалните училишта. Извештајот од рекатегоризацијата ќе содржи податоци за фактички констатираната состојба со овие деца, нивниот број, за тоа кои и колку деца треба и можат да бидат префрлени во редовни училишта итн. Планирано е формирање на инклузивни тимови во училиштата кои ќе ги подготтвуваат ИОП (индивидуалните образовни планови) за оваа категорија на ученици. |
| | **6.2.4.3** Обука на наставниците за работа со децата кои ќе бидат префрлени од специјално во редовно образование | МОН | МТСП<br>МЗ | 6/2017 | Бирото за развој на образованието ќе подготви и реализира соодветни обуки. Се планира изработка на план за содржината на обуките и план за спроведување на обуките, како и листа на експерти (тренери) кои можат да ги спроведат обуките |

| Препорака: | Мерка: | Институција носител: | Институции учесници: | Рок за реализација: | Статус на реализација: |
|---|---|---|---|---|---|
| | **6.2.4.4** Измена и дополна на Законот за основно образование и Законот за средно образование, во насока на пропишување на Национален регистар на децата со посебни потреби и воведување на обврска за водење на електронска евиденција и ажурирање на податоците во регистарот од страна на секое основно и средно училиште (специјални и редовни) | МОН | МТСП | 12/2016 | Планираниот основ за водење на електронска евиденција и размена и ажурирање на податоци е воспоставен . По извршените консултации и согледувања, утврдено е дека нема потреба од дополнителни конкретни измени во наведените закони, имајќи во предвид дека согласно веќе донесениот Закон за национална база на податоци за лица со инвалидност, предвидено е училиштата да имаат пристап до оваа база и ќе можат соодветно да внесуваат и ажурираат податоци. |
| | **6.2.4.5** Пропишување со подзаконски акт, процедура за запишување на деца со посебни потреби во основните и средни училишта, во кој ќе биде пропишана задолжителна документација при уписите | МОН | МТСП | 3/2017 | Изготвена е нацрт-верзија на формуларите (унифицирани за сите училишта) кои би се користеле за внес на потребните информации и податоци при запишувањето на децата со посебни потреби. Во процесот консултирани се специјалните училишта, а во тек е и пилотирање на користењето на формуларите со цел да се утврди нивната релевантност.<br>Во владина процедура е измената на Законот за средно образование со кој се дава законска можност за ваков подзаконски акт, како и за формирање на инклузивни тимови за подготовка на ИОП (индивидуален образовен план) |

| Препорака: | Мерка: | Институција носител: | Институции учесници: | Рок за реализација: | Статус на реализација: |
|---|---|---|---|---|---|
| | **6.2.4.6** Донесување на Стратегија за инклузија на учениците со посебни образовни потреби во основното и средно образование, како задолжително ниво на образование | МОН | МТСП<br>МЗ | 12/2017 | Извршени се првични консултации со МОН за одржување на состаноци со потенцијални донатори, во насока на добивање на експертска поддршка за процесот на изработка на наведената Стратегија. |
| **6.3 Антидискриминација** | | | | | |
| **6.3.1** Усогласување на Законот за спречување и заштита од дискриминација со *acquis* на ЕУ. (ПДВН) | **6.3.1.1** Евалуација на Стратегијата за еднаквост и недискриминација 2012-2015 | МТСП | ССРД | 10/2015 | Процесот на Евалуација на Стратегијата за еднаквост и недискриминација е комплетиран, при што до повеќе релевантни институции, социјални партнери, граѓански здруженија и меѓународни организации кои имаат надлежности во спроведувањето на Стратегијата беа доставени прашалници.<br>По прибирањето и обработката на добиените одговори, направена е анализа на одговорите и информациите од анкетниот прашалник и од спроведените интервјуа. Добиените прелиминарни резултати се презентирани на координативен состанок, одржан на 22 септември, а подготвениот нацрт-извештај на Евалуацијата беше разгледан и финализиран на работилницата со надлежните институции, која се одржа на 17-19 ноември 2015 год. |

| Препорака: | Мерка: | Институција носител: | Институции учесници: | Рок за реализација: | Статус на реализација: |
|---|---|---|---|---|---|
| | **6.3.1.2** Изработка на нова Стратегија за еднаквост и недискриминација 2016-2020 | МТСП | КЗД<br>МЗ<br>МОН<br>МТВ<br>МВР<br>МП<br>ССРД<br>СЕП<br>АМС<br>ДЗС<br>АОПЗ | 2/2016 | Процесот на изработка на новата Стратегија за еднаквост и недискриминација 2016-2020 е во финална фаза. Од страна на работната група изготвена е нацрт-верзија на Стратегијата и во моментот во тек е разгледувањето на коментарите и забелешките добиени од невладиниот сектор. |
| | **6.3.1.3** Следење на на имплементацијата на Акцискиот план за имплементација на Законот за превенција и заштита од дискриминација 2015-2020 | МТСП | ССРД | 1/2016 | Во рамки на овој процес, во текот на јули до Владата на РМ беше доставена и разгледана и „Информација за примената на Законот за спречување и заштита од дискриминација“, подготвена од страна на МТСП. |
| **6.3.2** Обезбедување обука за владините институции, особено полицијата и обвинителството за начинот на справување и проследување на извештаите за омраза особено за членови на ЛГБТИ заедницата. (ПДВН) | **6.3.2.1** Спроведување на анализа на механизмите за спроварување со дискриминација со препораки и патоказ за подобрување на националните политики, законодавство и практика за справување во дискриминаторни случаи. | МТСП | КЗД | 9/2016 | Подготвителните активности за реализирање на активноста се отпочнати. Во изминатиот период, проектниот тим реализираше низа средби и состаноци со поголем број на релевантни институции, невладини организации итн.<br>Исто така, во тек е прибирањето и деталната анализа на сите расположливи стратешки и оперативни документи, извештаи и легислатива од областа. |
| | **6.3.2.2** Зајакнување на капацитетите на КЗД и МТСП, и останати релевантни институции (МВР, МП, Агенција за обука на јавни обвинители и судии, исл.) преку обуки за превенција и заштита од дискирминација и справување во дискриминаторни случаи | МТСП | КЗД | 9/2016 | Активноста ќе се реализира во рамки на проектот „Поддршка на превенција и заштита од дискриминација“. |

| Препорака: | Мерка: | Институција носител: | Институции учесници: | Рок за реализација: | Статус на реализација: |
|---|---|---|---|---|---|
| | **6.3.2.3** Воспоставување на ефективен и одржлив механизам и процедури за меѓу-институционална соработка, како и соработка со граѓанските организации (како прв неформален контакт со граѓаните во случаите на дискриминација) | МТСП | КЗД | 9/2016 | Активноста ќе се реализира во рамки на проектот „Поддршка на превенција и заштита од дискриминација“. |
| | **6.3.2.4** Јакнење на свеста за превенција и заштита од дискриминација преку развивање и дисеминирање на комуникациски пакет со алатки за зголемена информираност и примена на принципите и концептите опфатени со законската рамка. | МТСП | КЗД | 9/2016 | Активноста ќе се реализира во рамки на проектот „Поддршка на превенција и заштита од дискриминација“. |

## 7. Меѓуетнички односи

| Препорака: | Мерка: | Институција носител: | Институции учесници: | Рок за реализација: | Статус на реализација: |
|---|---|---|---|---|---|
| **7.1 Имплементација на Охридскиот Рамковен Договор** | | | | | |
| **7.1.1** ССРД (во консултации со граѓанското општество и јавните институции) да го заврши и објави извештајот за проценката на состојбата на спроведување на сите политики кои произлегуваат од Охридскиот рамковен договор.<br>(ПДВН) | **7.1.1.1** Ажурирање на податоците од Извештајот по однос на состојбата за имплементација на сите политики што произлегуваат од Охридскиот рамковен договор | ССРД | | 8/2015 | Беа одржани 7 тематски консултативни средби на работните групи со претставници од различни институции, претставници на политички партии и граѓански организации. Нивните препораки беа соодветно анализирани и земени во предвид при подготвување на нацрт-препораките |
| | **7.1.1.2** Утврдување на Методологија за изработка на квалитативна анализа врз основа на Извештајот по однос на состојбата за имплементација на сите политики што произлегуваат од Охридскиот рамковен договор | ССРД | | 9/2015 | Целиот процес на реализација на Прегледот за спроведување на ОРД за социјална кохезија беше реализирано според методолошка рамка (структурата, членови на работни групи, активности со динамика на реализација). |
| | **7.1.1.3** Изготвување на квалитативна анализа по однос на состојбата за имплементација на сите политики што произлегуваат од Охридскиот рамковен договор | ССРД | | 12/2015 | Нацрт-извештајот за прегледот е во владина постапка. |
| | **7.1.1.4** Јавна дебата за извештајот за состојбата на спроведување на сите политики кои произлегуваат од Охридскиот рамковен договор | ССРД | | 7/2015 | По повод обележување на денот на потпишување на ОРД , на 13 Август 2015 се организираше Трибина на тема Европскиот модел на помирување - Охридскиот Договор |
| | **7.1.1.5** Организирање на меѓународна конференција за извештајот за состојбата на спроведување на сите политики кои произлегуваат од Охридскиот рамковен договор | ССРД | СЕП<br>МНР | 9/2016 | |

| Препорака: | Мерка: | Институција носител: | Институции учесници: | Рок за реализација: | Статус на реализација: |
|---|---|---|---|---|---|
| | **7.1.1.6** Усвојување на квалитативната анализа по однос на состојбата за имплементација на сите политики што произлегуваат од Охридскиот рамковен договор | ВРМ | ССРД | 12/2016 | |
| **7.1.2** Подготовка и усвојување на Акциски план за спроведување на препораките од прегледот на ОРД<br>(ПДВН) | **7.1.2.1** Подготовка на Аакциски план за спроведување на препораките | ССРД | | 1/2017 | |
| | **7.1.2.2** Усвојување на Акцискиот план од страна на ВРМ | ВРМ | ССРД | 2/2017 | |
| | **7.1.2.3** Полугодишни извештаи за реализацијата на Акцискиот план за спроведување на препораките од прегледот на ОРД | ССРД | | Полугодишно | |
| **7.1.3** Организирање јавни промотивни кампањи и дебати кои промовираат општи меѓуетнички прашања и поголема свесност за историјата, културата и јазиците на сите заедници<br>(ПДВН) | **7.1.3.1** Организирање посети на културни и верски објекти на различните заедници | МК | ССРД<br>ГСВРМ | Континуирано | |
| | **7.1.3.2** Организирање на квиз | МОН | ССРД<br>ГСВРМ<br>МОН | Континуирано | Подготвителните активности се започнати а реализацијата на Квизот е предвидена во текот на Мај-Јуни 2016. Извештаите училиштата ќе ги достават до МОН во 09.2016. |
| | **7.1.3.3** Организирање на дебати | МОН | ССРД<br>ГСВРМ<br>МОН | Континуирано | Подготвителните активности се започнати а реализацијата на Дебатите е предвидена во текот на Мај-Јуни 2016. Извештаите училиштата ќе ги достават до МОН во 09.2016. |
| | **7.1.3.4** Организирање на јавни дебати на теми јазик, култура и историја | ССРД | МОН<br>МК<br>МЛС<br>ЗЕЛС | Континуирано | |

| Препорака: | Мерка: | Институција носител: | Институции учесници: | Рок за реализација: | Статус на реализација: |
|---|---|---|---|---|---|
| | **7.1.3.5** Организирање на спортски натпревари меѓу средните училишта | АМС | ССРД | Континуирано | На 16.10.2015 се одиграа два меча во футсал помеѓу најдобрите екипи од различни етнички заедници, и тоа од средното училиште "Методи Митевски Брицо" и основните училишта "Браќа Миладиновци" и "Тефејуз". Двата натпревари завршија во регуларниот дел со нерешен исход 3:3 и 1:1. |
| **7.1.4** Кампањи во врска со меѓуетничката доверба, помирување, ресоцијализација, толеранција и меѓусебното почитување<br>(ПДВН) | **7.1.4.1** Емитување на Youtube на спотовите од постоечката кампања за меѓуетничка толеранција | ГСВРМ | ССРД | 7/2015 | На Youtube се поставени спотовите од постоечката кампања за меѓуетничка толеранција |
| | **7.1.4.2** Поставување на линкови од кампањата за промовирање на меѓуетничка толеранција на веб страната на ВРМ и сите министерства | ГСВРМ | ССРД | 7/2015 | На веб страната на ВРМ и сите министерства се поставени линкови од кампањата за промовирање на меѓуетничка толеранција. |
| | **7.1.4.3** Бесплатно емитување на кампањата за промовирање на вредностите од меѓуетничкиот и меѓурелигискиот соживот на МРТВ | ГСВРМ | ССРД<br>АВМУ | 7/2015 | На МРТВ бесплатно се емитува ампањата за промовирање на вредностите од меѓуетничкиот и меѓурелигискиот соживот. |

| Препорака: | Мерка: | Институција носител: | Институции учесници: | Рок за реализација: | Статус на реализација: |
| --- | --- | --- | --- | --- | --- |
| **7.1.5** Реализација на видливи проекти за подобрување на односите помеѓу заедниците (на пр. Дополнителни наставни активности, заедничка работа на заеднички предизвици на локално ниво). (ПДВН) | **7.1.5.1** Реализација на Програмата за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации со цел промовирање на меѓуетники односи и спроведување на Охридскиот рамковен договор,<br>- Објавување на оглас на дневните весници и кампања за промовирање и транспарентност<br>- Формирање на комисија за селекција која ќе ги разгледа предлозите и ќе ја потготви одлуката<br>- Донесување на Одлука за за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации<br>- Активно вклучување на ССРД во надзорот над спроведувањето на проектите<br>- Подготвување и објавување на финален извештај за постигнатите резултати од проектите | ССРД | | 12/2015 | Согласно Одлуката за распределба на средства наменети за финансирање на програмски активности на здруженија и фондации со цел промовирање на меѓуетничките односи за 2015 год. („Службен весник на Република Македонија„ бр. 199/2015), 29 здруженија и фондации добија финасиска подршка во вкупен износ од 10.000.000,00 ден од Буџетот на ССРД за реализација на предложените проекти согласно приоритетите предвидени во Програмата за финансирање на програмски активности на здруженија и фонадации со цел промовирање на меѓуетники односи и спроведување на Охридскиот рамковен договор. |

| Препорака: | Мерка: | Институција носител: | Институции учесници: | Рок за реализација: | Статус на реализација: |
| --- | --- | --- | --- | --- | --- |
| | **7.1.5.2** Реализација на соодветни проекти со опфат на деца од различна националност и верска припадност | МТСП | ССРД | 6/2016 | Проектот континуирано се реализира од летото 2012 година и со истиот годишно се опфаќаат до 3,000 деца, од кои околу 2,000 деца за време на летниот распуст, а околу 1,000 деца за време на зимскиот распуст.<br>Реализацијата на услугата во текот на летото 2015 година започна од 24.06.2015 год. Бесплатниот летен одмор се реализираше во Детското одморалиште „Мајски цвет“-Струга и во текот на летото се опфатија дополнителни 2,000 лица од сите градови на Република Македонија. Заклучно со бесплатното летување во 2015 година, од почетокот на проектот, можност да ја искористат оваа услуга имаа вкупно 11,000 деца. |

| Препорака: | Мерка: | Институција носител: | Институции учесници: | Рок за реализација: | Статус на реализација: |
|---|---|---|---|---|---|
| | **7.1.5.3** Ревидирање на Програмата за рано учење и развој, за интегрирање на аспекти на почит кон различностите и мултикултурализам. | МТСП | ССРД | 10/2015 | Во текот на октомври 2015 година извршена е анализа на Националната програма за рано учење и развој, од страна на релевантните институции (МТСП и БРО и Комисијата која ја има изработено Програмамата) и констатирано дека во постојната Програма, која е донесена во 2014 година, веќе се интегрирани принципи, глобални, конкретни цели, примери на активности и очекувани резултати во делот на мултикултурализам, почит на различностите и инклузивноста и истите веќе интензивно се имплементираат во пракса. |
| | **7.1.5.4** Оценка на работата на мултиетничките (билингвални) групи во градинките каде се имплементира МОЗАИК - моделот за интегрирано, мултикултурно образование | МТСП | ССРД<br>НВО - Центар за заедничка основа,<br>МТСП<br>БРО<br>УКИМ-ПФ | 11/2015 | Оценката на работата на овие мултиетнички групи во градинките се реализираше преку редовни надзори во градинките од страна на супервизорите задолжени за следење на спроведувањето на проектот.<br>Во периодот од април реализирани се вкупно 72 надзори во 12 МОЗАИК групи.<br>Врз основа на наодите и добиените искуства, подготвен е посебен Протокол со индикатори за мулти-културната компонента во МОЗАИК групите. |

| Препорака: | Мерка: | Институција носител: | Институции учесници: | Рок за реализација: | Статус на реализација: |
|---|---|---|---|---|---|
| | **7.1.5.5** Реализирање на кампања за подигнување на јавната свест на родителите на децата од предучилишна возраст, за вклучување на децата во мултиетничките (билингвални) групи (во рамки на проектот МОЗАИК) | МТСП | ССРД<br>НВО - Центар за заедничка основа | 11/2015 | Подготвен е материјал за кампања за подигнување на јавната свест на родителите на децата од предучилишна возраст, за вклучување на децата во мултиетничките групи. Во изминатиот период реализирани се 10 промотивни информации за проектот Мозаик, за настаните од проектот, како и придобивките од неговото спроведување (интервјуа и гостувања на радио, национални и локални телевизии, написи и информации во весници и социјални медиуми). Исто така, подготвени се и два спота, достапни на социјалните мрежи за понатамошно промовирање на проектот. За зголемување на јавната свест има и активности со децата кои посетувале Мозаик-модел градинка, и се спроведуваат во основните училишта каде овие деца го продолжуваат своето понатамошно школување. |
| **7.1.6** Започнување со оперативност на општинските меѓуетнички совети.<br>(ПДВН) | **7.1.6.1** Усвојување на Акцискиот план за реализација на Програма за одржлив локален развој и децентрализација во РМ 2015 – 2020, за периодот 2015-2017, во кој се вградени активности за подобрување на оперативноста на КОМЗ | МЛС | ССРД<br>ГСВРМ<br>ЕЛС<br>ЗЕЛС | 7/2015 | Акцискиот план е усвоен на Владината седница одржана на 12.08.2015 година. |

| Препорака: | Мерка: | Институција носител: | Институции учесници: | Рок за реализација: | Статус на реализација: |
|---|---|---|---|---|---|
| | **7.1.6.2** Анализа на нормативната рамка со која се уредуваат положбата, надлежностите, организацијата и финансирањето на работата на комисиите за односи меѓу заедниците, со наоди и препораки за нејзино подобрување | ССРД | МЛС<br>ГСВРМ<br>ЗЕЛС<br>ЕЛС | 6/2016 | Во Нацрт-прегледот за спроведување на ОРД за социјална кохезија се предложени неколку мерки за да се постигне меѓуинституционална координација во однос на заштита на правата на заедниците. Во рамките на ИПА да се подготви проект кој би бил замена за ИПА ТАИБ 2009 „Поддшка на институциите во спроведување на политиките релевантни за немнозинските заедници", поради испуштење на рокови, сретствата беа изгубени и проектот не беше реализиран (1,8 мил. €). |
| | **7.1.6.3** Анализа на постојната состојба со: надлежностите, составот, начинот на избор на членовите, видот, обемот и начинот на одлучување, финансирање и администрирање на комисиите за односи меѓу заедниците, (по општини) | ССРД | МЛС<br>МИОА<br>ГСВРМ<br>ЗЕЛС<br>ЕЛС | 6/2017 | |
| | **7.1.6.4** Имплементација на препораките за унапредување на законодавството поврзано со положбата, надлежностите, организацијата и финансирањето на работата на комисиите за односи меѓу заедниците | ССРД | МЛС<br>МП<br>ГСВРМ<br>ЗЕЛС<br>ЕЛС | 12/2016 | |
| | **7.1.6.5** Посети низ општините кои се задолжени да имаат воспоставени Комисии за односи помеѓу заедниците | ССРД | МЛС<br>ГСВРМ<br>ЗЕЛС<br>ЕЛС | 10/2016 | |
| | **7.1.6.6** Консултации со Комисиите за односи помеѓу заедниците за нивните права и обврски и подобрување на соработката со Комисиите за односи меѓу заедниците | ССРД | МЛС<br>ГСВРМ<br>ЗЕЛС<br>ЕЛС | 10/2016 | |

| Препорака: | Мерка: | Институција носител: | Институции учесници: | Рок за реализација: | Статус на реализација: |
|---|---|---|---|---|---|
| | **7.1.6.7** Воспоставување на систем за комуникација и координација со Комисиите за односи меѓу заедниците ( добивање на извештаи за нивната работа на секои шест месеци | ССРД | МЛС<br>ГСВРМ<br>ЗЕЛС<br>ЕЛС | 10/2016 | |
| | **7.1.6.8** Промовирање на работата на Комисиите за односи меѓу заедниците ( со преставување на добри практики или преземање на добрите практики од други Комисии или други држави) | ССРД | МЛС<br>ГСВРМ<br>ЗЕЛС<br>ЕЛС | 10/2016 | |
| | **7.1.6.9** Процесирање, анализирање и изнаоѓање на решенија за проблемите кои ќе се јавуват при работа на овие Комисии | ССРД | МЛС<br>ГСВРМ<br>ЗЕЛС<br>ЕЛС | 10/2016 | |

| **Препорака:** | **Мерка:** | **Институција носител:** | **Институции учесници:** | **Рок за реализација:** | **Статус на реализација:** |
|---|---|---|---|---|---|
| **7.1.7** Спроведување на стратегијата за интегрирано образование (ПДВН) | **7.1.7.1** Натамошна реализација на активности од проектот за меѓуетничка интеграција во образованието,<br>- Информирање на јавноста и заедниците<br>- Градење на капацитетите на училишното раководство и наставниците<br>- Модел училишта<br>- Стимул за училишта<br>- Електронско истражување за мерење на постигањата за меѓуетничка интеграција во образованието за 2014 година во сите основнио и средни училишта кое ке се реализира кон крајот на агвуст | МОН | ССРД | 12/2016 | Се одржа фестивал на изведувачки уметности и добри практики за да се зајакне учеството на младите во меѓуетничкиот дијалог во училишта.<br>Се промовираше упатството за сертификација за меѓуетничка интеграција во образованието.<br>Сите модел училишта се брендираа со знаме, декларација за меѓуетничка интеграција и логоа на модел училиштата. Одржан саем на модел училиштата за промоција на нивни активности.<br>Потпишани меморандуми за соработка со градоначалниците на општините и директорите на училиштата за реновирање на училиштата.<br>Извештајот од електронското истражување за мерење на постигнувањата за меѓуетничка интеграција во образованието за 2014 е завршен преку Survey Monky платформата. Беа вклучени директорите на училиштата, наставниците, учениците, родителите и претставниците на локалната самоуправа задолжени за образование преку кој се следеа: |
| | **7.1.7.2** Обука на државните просветни инспектори за имплементирање на Измените во Индикаторите за квалитет на работење на училиштата при интегрална евалуација | МОН | ССРД | 9/2015 | Завршија дводневните обуки за 57 државни просветни инспектори за следење на Измените во Индикаторите за квалитет на работење на училиштата при интегрална евалуација |
| | **7.1.7.3** Имплементирање на Измените во Индикаторите за квалитет на работење на училиштата во сите училишта | МОН | ССРД | 12/2015 | Извршено е пилотирање на изменетите индикатори за квалитет на работење на училиштата во сите основни и средни училишта |

| Препорака: | Мерка: | Институција носител: | Институции учесници: | Рок за реализација: | Статус на реализација: |
|---|---|---|---|---|---|
| | **7.1.7.4** Во рамкита на ИПА-4 објавување по четврти пат повик за поднесување на понуди за Проектот Евалуација на подршката во областа на еднаков пристап до квалитетно образование со препораки за идна помош и развој. | МОН | ССРД<br>МФ<br>СЕП | 4/2016 | Избран е изведувач од страна на Комисија за евалуација.<br>На 25.08.2015 е потпишан договор за имплементација на проектот. Претстои формирање на работна група за следење на реализацијата. Од страна на реализаторот на Проектот се вршат посети на училишта, институции и донатори при што со нив се реализираа фокус групи, анкети, дебати и др. Со цел да се приберат што повеќе информации за да се создаде целосна слика за поддршката во обласа на еднаков пристап до квалитетно образование со препораки за идна помош и развој. Проектот до април ке излезе со Извештај. |
| | **7.1.7.5** Донесување на минимум три програми за слободни часови согласно насоките од Водичот за изготвување програми за слободни часови на училиштето во интегрираното стручно образование | МОН | ССРД | 6/2016 | Една програма за слободни часови согласно насоките од Водичот за изготвување програми за слободни часови на училиштето во интегрираното стручно образование е подготвено. Програмата Традиционално и современо производство на хемиски козметички производи се реализира во СОУ Нико Нестор Струга. Уште две програми се изготвени и реализираат во СУГС Здравко Цветковски Скопје |

| Препорака: | Мерка: | Институција носител: | Институции учесници: | Рок за реализација: | Статус на реализација: |
|---|---|---|---|---|---|
| | **7.1.7.6** Да се дефинира концепт за интеркултурно образование | МОН | ССРД | 12/2015 | Формирана е работна група која ја подготви првата нацрт верзија на концептот за интеркултурно образование. Концепцијата за интеркултурно образование е Експертска работна група и доставена до МОН на 14.01.2016 година |
| | **7.1.7.7** Да се предвидат финасиски средства за реализација на активности за меѓуетничка интеграција во образованието | МОН | ССРД<br>МФ | 9/2015 | Во Буџетот на МОН за 2016 година, предвидена е посебна – нова Програма (Програма 13) за поддршка на проектни активности за меѓуетничка интеграција во образованието. На оваа програма планиран е буџет од 2.000.000 мкд |
| | **7.1.7.8** Изготвување на Брошура за промовирање на активностите за меѓуетничка интеграција во образованието | МОН | ССРД<br>БРО | 4/2016 | Брошурата е изготвена од членови на работната група на МОН за меѓуетничка интеграција во образованието и пред финализирање на истата беше организирана дебата по истата каде беа поканети и претставници на ССРД. (Промоцијата треба да се договори со ОБСЕ а се очекува да биде до Април 2016) |
| | **7.1.7.9** Евалуација и ревидирање на Стратегијата за интегрирано образование | МОН | ССРД<br>МФ<br>БРО | 12/2016 | |
| | **7.1.7.10** Зависно од резултатите на евалуацијата, усогласување на правната рамка и дефинирање на соодветни механизми за нејзино ефикасно спорведување, вклучително и обзрзувачки законски механизми за сите засегнати страни | МОН | ССРД<br>МФ<br>БРО | 6/2016 | |

| **8. Економско управување (вклучувајќи и управување со јавните финансии)** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Препорака:** | **Мерка:** | **Институција носител:** | **Институции учесници:** | **Рок за реализација:** | **Статус на реализација:** |
| **8.1 Управување со јавните финансии** | | | | | |
| **8.1.1** Дијалог со Европската комисија за Управувањето со јавните финансии (PFM) (ПДВН) | **8.1.1.1** Започнување на дијалог со Европската комисија за Управувањето со јавните финансии (PFM) | МФ | | 5/2016 | Дијалогот за политиките за ПФМ со ЕК ќе започне по завршување на изборите во јуни 2016 и формирање на новата влада |
| **8.1.2** Проценка на јавните расходи и финансиската отчетност (PEFA) (ПДВН) | **8.1.2.1** Да се направи Проценка на јавните расходи и финансиската отчетност (PEFA) | МФ | | 3/2016 | ПЕФА извештајот во декември 2015 е објавен на интернет страниците на ПЕФА секретаријатот и Министерството за финансии. |
| **8.1.3** Програма за реформа на управувањето со јавните финансии (врз основа на PEFA) (ПДВН) | **8.1.3.1** Да се подготви Програма за реформа на управувањето со јавните финансии (врз основа на PEFA) | МФ | | 5/2016 | Изработката на Програмата за реформа на управувањето со јавните финансии започна во октомври 2015, со техничка помош од СИГМА. Редовно се одржуваат работни состаноци за подготовка на документот. |
| **8.1.4** Да се развие и спроведе среднорочна буџетска рамка (ПДВН) | **8.1.4.1** Започнување на Проектот финансиран преку IPA TAIB 2011 | МФ | | 11/2015 | Договорот за реализација на проектот „Развивање испроведување на среднорочна буџетска рамка“ е потпишан на 16.11.2015 година, а на 17.11.2015 година е издадено писмено известување за започнување на овој проект финансиран од ИПА. |
| | **8.1.4.2** Подготовка на работен план за активностите предвидени со проектот | МФ | | 11/2015 | Работниот план е испратен на 06.10.2015 година до Делегацијата на ЕУ. |
| | **8.1.4.3** Обуки на буџетските корисници за среднорочно буџетско планирање во рамки на Проектот -IPA TAIB 2011 | МФ | | 9/2016 | |
| | **8.1.4.4** Предлог на законска регулатива за имплементација на среднорочна буџетска рамка | МФ | | 10/2016 | |
| | **8.1.4.5** Имплементација на среднорочна буџетска рамка | МФ | | 5/2017 | |

| Препорака: | Мерка: | Институција носител: | Институции учесници: | Рок за реализација: | Статус на реализација: |
|---|---|---|---|---|---|
| **8.1.5** Ефикасно спроведување на документот за политиките на PIFC и подобрување на внатрешната контрола (финансиско управување и внатрешна ревизија) на централно и локално ниво<br>(ПДВН) | **8.1.5.1** Организација и одржување на Конференција за PIFC за градоначалници и менаџери на сите општини. | МФ | | 11/2015 | На 19 ноември 2015 година одржана е Конференција за јавната внатрешна финансиска контрола 2015-2017 на која присуствуваа градоначалници и раководители од општините. На конференцијата презентирана е Стратегијата за јавна внатрешна финансиска контрола за 2015-2017 и разменети се најдобрите практики со експерти за јавна внатрешна финансиска контрола на земјите членки на ЕУ. |
| | **8.1.5.2** Анализа на ефикасноста на раководна одговорност за отчетност во рамките на пилот институциите на централно и локално ниво | МФ | | 6/2016 | Спроведена е самопроценка за функционирање на финансиското управување и контрола и изготвен е Прашалник за ефикасноста на раководната одговорност во пилот институциите на централно и локално ниво кои ќе бидат основа за изготвување на анализата. Во тек се активности за посета на пилот институциите опфатени во анализата. |

| Препорака: | Мерка: | Институција носител: | Институции учесници: | Рок за реализација: | Статус на реализација: |
|---|---|---|---|---|---|
| **8.1.6** Ефикасна надворешна ревизија, подобрени капацитети на Државниот завод за ревизија, подобар квалитет на ревизорските извештаи и подобрени капацитети на Собранието за последователна проверка и следење на спроведувањето на препораките и ревизорските наоди на ДЗР.<br>(ПДВН) | **8.1.6.1** Евалуација на квалитетот на ревизорските извештаи и мерки за нивно подобрување врз основа на најдобри пракси, вклучително и за подобрување на капацитетите на ДЗР | ДЗР | | 12/2015 | Годишната програма за осигурување на квалитет на ревизиите за 2015 година е донесена на 22.01.2015 година, со која се опфатени три субјекти од различни дејности кај кои во 2014 година е извршена финансиска ревизија и ревизија на усогласеност. Досега се завршени постапките за осигурување на квалитет за сите три субјекти и издадени се 7 извештаи. Во октомври 2015 година беше донесено новото Упатство за осигурување на квалитет. Ова Упатство е изготвено согласно Стратегијата за имплементација на ISSAI (април 2014 година), а со цел имплементација на меѓународните стандарди за државна ревизија (ISSAI), како и постапување по насоките од оценката на OECD SIGMA на јавниот финансиски менаџмент (јуни 2015 година). |

| 9. Добрососедски односи и регионална соработка | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Препорака:** | **Мерка:** | **Институција носител:** | **Институции учесници:** | **Рок за реализација:** | **Статус на реализација:** |
| **9.1 Добрососедски односи** | | | | | |
| **9.1.1** Односи со Албанија | **9.1.1.1** Одржување континуиран дијалог на сите нивоа | МНР | | Континуирано | |
| | **9.1.1.2** Одржување на Прва заедничка седница на Владите на двете земји | МНР | | | |
| | **9.1.1.3** Унапредување на соработката во сите области од заемен интерес | МНР | | Континуирано | |
| | **9.1.1.4** Проширување на договорната рамка за соработка | МНР | | Континуирано | Договорната рамка ја сочинуваат 36 договори и 30 документи, а во тек се 8 постапки за склучување на нови договори и документи |
| **9.1.2** Односи со Косово | **9.1.2.1** Одржување континуиран дијалог на сите нивоа | МНР | | Континуирано | |
| | **9.1.2.2** Одржување на Прва заедничка седница на Владите на двете земји | МНР | | | |
| | **9.1.2.3** Унапредување на соработката во сите области од заемен интерес | МНР | | Континуирано | |
| | **9.1.2.4** Проширување на договорната рамка за соработка | МНР | | Континуирано | Договорната рамка ја сочинуваат 17 договори и 13 документи, а во тек се 21 постапка за склучување на нови договори и документи |
| **9.1.3** Односи со Грција | **9.1.3.1** Воспоставување континуиран политички дијалог на високо ниво, вклучително преку реализација на билатерални средби и посети | МНР | | Континуирано | |
| | **9.1.3.2** Имплементација на мерките за градење доверба, усогласени на средбата Попоски – Kosиас на 24 јуни 2015 во Скопје, во сите идентификувани области | МНР | | Континуирано | |
| | **9.1.3.3** Унапредување на соработката во сите области од заемен интерес, вклучително преку развивање договорна рамка за соработка согласно Времената спогодба од 1995 | МНР | | Континуирано | |

| **Препорака:** | **Мерка:** | **Институција носител:** | **Институции учесници:** | **Рок за реализација:** | **Статус на реализација:** |
|---|---|---|---|---|---|
| | **9.1.3.4.** Продолжување на учеството, со активен и конструктивен пристап, во разговорите за надминување на разликата околу името под покровителство на ОН, во насока на надминување на разликата во согласност со принципите и нормите на меѓународното право, вклучително пресудата на МСП од 2011 година. | МНР | | Континуирано | |
| **9.1.4** Односи со Бугарија | **9.1.4.1** Одржување и унапредување на континуираниот политички дијалог на високо ниво, вклучително преку реализација на билатерални средби и посети | МНР | | Континуирано | |
| | **9.1.4.2** Натамошно проширување на договорната рамка за соработка | | | | Договорната рамка ја сочинуваат 33 договори и 40 документи, а во тек се 8 постапки за склучување на нови договори и документи. Работните групи на двете МНР одржаа 9 средби за усогласување на текстот на Договорот за пријателство, добрососедство и соработка. |
| | **9.1.4.3** Унапредување на соработката во сите области од заемен интерес | | | Континуирано | |
| **9.1.5** Односи со Србија | **9.1.5.1** Реализација на заклучоците од Втората заедничка седница на Владите на двете земји | МНР | ВРМ<br>Сите министерства | 12/2016 | |
| | **9.1.5.2** Одржување континуиран дијалог на сите нивоа | МНР | | Континуирано | |
| | **9.1.5.3** Подготовки за одржување на Третата заедничка седница на Владите на двете земји | МНР | ВРМ<br>Сите министерства | 12/2016 | |
| | **9.1.5.4** Натамошно проширување на договорната рамка за соработка | МНР | | Континуирано | Договорната рамка ја сочинуваат 34 договори и 27 документи, а во тек се 14 постапки за склучување на нови договори и документи. |
| **9.2 Регионална соработка** | | | | | |

| Препорака: | Мерка: | Институција носител: | Институции учесници: | Рок за реализација: | Статус на реализација: |
|---|---|---|---|---|---|
| **9.2.1** Регионална соработка | **9.2.1.1** Претседавање со Централно Европската Иницијатива (ЦЕИ) | МНР | ВРМ<br>МЗШВ<br>МК | Континуирано | |
| | **9.2.1.2** Активно учество во регионалната иницијатива за миграција, азил, бегалци (МАРРИ) | МНР | МВР | Континуирано | |
| | **9.2.1.3** Активно учество во процесот за соработка со Југо-источна Европа (ПСЈИЕ) | МНР | | Континуирано | |
| | **9.2.1.4** Активно учество во регионален совет за соработка (РСС) | МНР | СЕП | Континуирано | |

| 10. Евро-Атлантска интеграција | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Препорака:** | **Мерка:** | **Институција носител:** | **Институции учесници:** | **Рок за реализација:** | **Статус на реализација:** |
| **10.1 Евро-Атлантска интеграција** | | | | | |
| **10.1.1** Членство во НАТО | | МО<br>МНР | | Континуирано | Република Македонија продолжи со придонесот во НАТО мисијата „Одлучна Поддршка“ во Авганистан која започна на 1-ви јануари 2015 година, а во која учествуваме со воен персонал од 39 лица. Во март 2015 година започна Регионалниот придонес во мисијата „Одлучна поддршка“, во рамките на САД - Јадранската повелба со персонал од едно лице – штабен офицер. Се продолжува со логистичка поддршка на операциите на КФОР, преку воспоставениот Координативниот центар на земјата домаќин. Во рамките на новиот 17 – ти циклус на Акциониот План за членство на Република Македонија во НАТО, Министерството за одбрана ги подготви-Одбранбените и воени прашања и Ресурсите во одбраната од Годишната Национална Програма за членство во НАТО 2015-2016 година. |

| **Препорака:** | **Мерка:** | **Институција носител:** | **Институции учесници:** | **Рок за реализација:** | **Статус на реализација:** |
|---|---|---|---|---|---|
| **10.1.2** Започнување на пристапни преговори со ЕУ | | СЕП<br>МНР | | Континуирано | Продолжуваат напорите за обезбедување на почеток на пристапните преговори со изнаоѓање на модул за премостување на билатерално отворените прашања. Комплетниот институционален механизам е целосно оперативен и редовно ги пресретнува своите обврски по однос на ССА, НПАА, ПДВН, ИРП и ИПА. |

**1.1 Правосудство**

**Препораки од групата од високи експерти за системските прашања за владеење на правото: 2.Судство и обвинителство**

· За да се осигура независноста на, а особено политичкото влијание врз, донесувањето на одлуките на обвинителите и судиите, треба да се изврши деполитизација на назначувањето и унапредувањето на судиите. Назначувањата и унапредувањата треба да ги врши Судскиот совет и Советот на јавни обвинители според транспарентни, објективни критериуми кои се строго засновани на заслуги со примена на транспарентни процедури кои треба да се утврдат со закон, а не само внатрешни правила, во согласност со препораките на извештаите на Венецијанската комисија за судски назначувања и независност на судството, како и конкретните препораки содржани во мислењата за Република Македонија, од кои многу не се спроведени. Не треба да има простор за политички или партиски врски или поддршка како критериум за избор.

· Судскиот совет игра главна улога за ефикасното функционирање на судскиот систем и осигурување на независноста на судството. Членовите на Судскиот совет треба да се изберат само од редовите на највештите судии и најистакнатите и искусни правници во земјата. Јасен и предвидлив текст треба да се подготви во практика во однос на значењето на законскиот термин „истакнат правник“.

· Судскиот совет треба да ги спроведува своите обврски без никакво политичко мешање (дали директно, или еднакво важно индиректно). Треба да биде повеќе проактивен во одбраната на судиите од мешањето и нападот кои влијаат врз нивната независност. Ова може да се направи, на пример, со зајакнување на комуникациските капацитети на Судскиот совет и судовите.

· Условот дека само оние кои ја завршиле Академијата за судии и јавни обвинители може да се ангажираат во судството и обвинителството треба за сега да се одржува и на тој начин не треба да постои отстапување од сегашниот систем на ангажирање засновање само на квалификации.

· Усогласен систем за управување со резултатите од работењето врз основа на квантитативни и квалитативни стандарди за резултатите треба да се воведе, како основа за сите одлуки поврзани со кариерата.

· При отпуштањата или други дисциплински казни против судиите треба строго да се почитуваат процедурите и правилата утврдени со закон, значејќи не само текстот, туку и духот на законот. Применливите процедури треба да се регулираат на сличен начин како и прашањата за назначување и промоција, без политичко мешање.

· Правилата со кои се регулира доделување на случаи по случаен избор треба строго да се почитуваат. Секој исклучок треба да е јасен и предвидлив и не треба да го наруши овој принцип. Не треба да има ад хок доделувања. Треба редовно да се оценува усогласеноста со правилата од страна на Судскиот совет, а оценките да се објавуваат. Принципот на доделување на случаи по случаен избор не треба да отстапува од потребата за обезбедување на поголема специјализација на судиите во одредени категории на случаи.

· Пресудите и одлуките на Европскиот суд за човекови права треба прецизно и брзо да се спроведат, во согласност со обврските на земјата според ЕСЧП, исто така, за секој поединечен случај или категорија на случаи треба да се подготви и листа на практични и ефикасни мерки.

· За истрагите и гонењата не треба да постои никаков сомнеж во однос на нивната непристрасност и во смисла на еднаквиот третман на секое лице кое е под истрага. Тука спаѓа и времетраењето на истрагите и интензитетот со кој се спроведуваат.

· Оперативната независност на службите за кривична истрага од политички притисоци или контрола треба да се зајакне. Не треба да постои простор за министерски инструкции во оперативните работи. Судската полиција и истражните центри треба да почнат да функционираат со цел да се зајакне функционалната независност на истражувачите и обвинителите.

· Треба да постои практична и ефективна примена на забраната за употреба на превентивен притвор, мерки насочени кон слободата, кон имотот и други интрузивни мерки само за да се принуди осомничениот на спогодба за признавање на вината. Ова треба да се прави преку јасно, објавено упатство за практики за обвинителите и судиите. Тестот за „доволен доказ“ кој дозволува спогодба за признавање на вината треба да се разјасни со цел практична и ефективна контрола на законитоста и правичноста на секоја изјава од страна на судот. Исто така, јавниот интерес треба да дозволи континуитет на кривичната истрага и покрај спогодбата за признавање на вината.

· Треба да се обрне особено внимание на соодветното функционирање, доволниот број на персонал и независноста на административните судови, имајќи ги предвид нивните специфични овластувања за контролирање на јавната администрација, а особено нивната важна улога во прегледувањето на одлуките од страна на Државната изборна комисија.

**1.2. Функционален судски и собраниски надзор над следењето на комуникациите**

**Препораки од групата од високи експерти за системските прашања за владеење на правото:1 Следење на комуникациите**

*Во однос на причините за сегашната ситуација*

· Следењето на комуникациите за целите на кривичната истрага и прислушувањето за безбедносни цели треба да се сметаат за одвоени функции и одвоено да се регулираат за да ги одразат соодветните надлежности на засегнатите агенции. Генерално, надлежностите кои се однесуваат на спречување и откривање на криминал треба строго да се почитуваат. Надлежностите на УБК треба соодветно да се намалат, за да се фокусира на овие задачи.

· На УБК треба да ѝ се одземе нејзината посредничка функција, за да не се меша во независноста на агенциите за спроведување на законот (Полицијата, Царинската администрација и Финансиската полиција) кога се работи за следење на комуникациите;

· УБК не треба да има директен пристап до техничката опрема која дозволува рефлектирање на комуникацискиот сигнал. Сопственичките преклопници (свич-ови) треба да се преместат во просториите на провајдерите на телекомуникациски услуги. Провајдерите треба да ги активираат и пренасочат сигналите кон надлежните агенции за спроведување на законот (Полицијата, Царинската администрација и Финансиската полиција) или безбедносните агенции (Управата за безбедност и контраразузнавање (УБК), Агенцијата за разузнавање и Службата за воена безбедност и разузнавање во рамките на Министерството за одбрана) само по добивањето на релевантен судски налог и само за целите на законско прислушување. Во никакви околности УБК не треба да има практична способност за директно следење на комуникациите.

· Разузнавачките служби вклучени во следењето на комуникации треба да дејствуваат само во согласност со јасни овластувања утврдени со закон, со кои се дефинираат и ограничуваат нивните задачи за целта на национална безбедност и највисокиот јавен интерес. Во никакви околности не треба да бидат овластени да собираат информации за политички или други цели.

· Ангажирањето и изборот на персоналот треба да се заснова на строги критериуми на заслуга и интегритет, целосно да се има предвид чувствителноста на разузнавачката работа и заштитата од судир на интереси. Персоналот треба редовно да се обучува, вклучително и за почитување на правилата за заштита на податоци, основните човекови права и заштита на професионалната етика и интегритет.

· Имајќи предвид дека опфатот на активностите на разузнавачките служби треба да се утврди според целта на нивните задачи и дека какво било мешање (како следење на комуникации) треба да се ограничи на она што е неопходно и пропорционално, треба соодветно да се распределат човечките ресурси и опремата. Со оглед на големиот број на вработени кои во моментов се на располагање во УБК, а релативно нискиот број на прислушувања за кои постои судски налог кои се спроведуваат годишно, ова ќе значи значително намалување на ресурсите и опремата. Истовремено, треба да се распредели значителен број на функционални и добро обучени човечки ресурси за контрола и надгледување на разузнавачките служби.

· Треба да се воведат алатки за управување со ризик за водење и управување на сите разузнавачки операции.

· Треба да се зајакне безбедноста на податоците за да се спречи каков било ризик од неконтролирано и незаконско ширење на следењето на комуникациите, особено во рамките на Министерството за внатрешни работи, кое согласно Член 34 од Законот за следење на комуникациите треба да ги складира податоците според „специјален режим'.

· Извештаите за следење кои се направени за безбедносни цели треба да се избришат во рамките на разумна временска рамка (сегашниот лимит од 5 години е предолг) и според принципите за неопходност и пропорционалност.

*Во врска со содржината на прислушувањата*

· Треба сериозно да се разгледа спроведувањето на истраги за криминално однесување откриено со прислушувањата, без двоумење и страв, на неселективен начин, давајќи им поголем приоритет на посериозните незаконски дела кои се чини дека се откриени.

· За ефективна истрага може ќе биде потребно запленување на регистрите на податоци и сите расположливи архиви на регистри на податоци од УБК и провајдерите на телекомуникациски услуги и нивна споредба со издадените судски налози. Онаму каде што е потребно, истражителите може да размислат за барање на меѓународна поддршка и експертиза, на пример во враќање или утврдување на автентичност на избришаните регистри.

*Во врска со собранискиот надзор*

· Комисиите на Собранието за безбедност и контраразузнавање и за надзор на мерките за следење треба веднаш да се свикаат и редовно да се состануваат (со учество на сите избрани партии во Собранието) за да се осигура собраниска одговорност.

· За бојкотот на Собранието, ако продолжи, може да бидат потребни ад-хок решенија, најдобро во рамките на собраниските структури, одбегнувајќи ситуација во која собранискиот надзор е де факто застанат за пролонгиран период. Повлекувањето на малцинството членови на Комисијата не треба да се дозволи да го спречува извршувањето на нејзините законски функции и ако е потребно да се измени собранискиот Деловник за да се дозволи ова.

· Потребата за безбедносен сертификат не смее да се користи како причина за одложување на работата на комисиите и процесот на доделување на безбедносен сертификат треба да се забрза за да се дозволи ова.

· На членовите на Комисијата треба да им се дозволи да им помагаат технички експерти.

· Собранието треба да инсистира институциите строго да ги почитуваат своите обврски за поднесување извештаи, на пример обврската на Комисијата за надзор на примената на техники за следење на комуникациите да известува еднаш годишно.

**1.3. Независни регулаторни, контролни и надзорни тела**

**Препораки од групата од високи експерти за системските прашања за владеење на правото: 3. Други институции за надзор**

*Во однос на Канцеларијата на Народниот правобранител*

· Иако се чини дека Народниот правобранител дејствува независно во рамки на релативно силен мандат, на Народниот правобранител треба да му се доделат доволно финансиски средства, гарантирани со закон, да дејствува независно и ефективно и Законот за Народниот правобранител треба да се измени со цел целосно почитување на Начелата од Париз.

· Јавните надлежни органи мораат, без никаков исклучок, да соработуваат со Народниот правобранител. Секое неоправдано несоработување, треба да се смета за попречување на работата на Народниот правобранител и треба да е казниво со закон.

· Треба да се размисли за зајакнување на овластувањата на Народниот правобранител на пр. да се побара од Собранието да формира специјализирани времени анкетни комисии за сериозни повреди на човековите права или да иницира случај пред судовите против надлежните органи кои не ги почитуваат неговите препораки.

*Во однос на Дирекцијата за заштита на лични податоци*

· Иако Законот за заштита на лични податоци генерално е во согласност со релевантните европски стандарди, недостатокот на дејствување од страна на Дирекцијата ја поткопува довербата во независноста на институциите. Се чини и дека пристапот на Дирекцијата не е во согласност со законот и мисијата на Дирекцијата, како и изјавата дадена од Директорот. Дирекцијата веднаш треба да спроведе истраги за ова прашање и транспарентно да извести за заклучоците, без разлика на нејзините наоди.

· Секој обид да се влијае врз работата на Дирекцијата треба да се обелодени и за тоа да се известат релевантните надлежни органи бидејќи тоа би било обид да се влијае врз Дирекцијата во однос на спроведувањето на нејзините овластувања.

**3. Изборна реформа**

**Препораки од групата од високи експерти за системските прашања за владеење на правото: 4. Избори**

· Каква било објавена нерегуларност треба да се следи на начин на кој ќе се обрне внимание на сите недостатоци, вклучително и оние утврдени во Извештајот за набљудување на изборите во 2014 година на ОБСЕ/ОДИХР, пред одржувањето на следните избори, за да се осигури дека нема повторно да дојде до такви неправилности.

· Директната политичка вклученост во изборните манипулации, како што се чини од објавените прислушкувања, е сериозна повреда на основните демократски принципи и мора соодветно да се обрати внимание како на судско така и на политичко ниво.

· Државната изборна комисија игра главна улога во надгледувањето на изборите. Секое мешање во нејзината работа е неприфатливо. Комисијата, како независно тело, треба да развие култура на двопартиски пристап кон нејзината работа заснован на нејзиното широко искуство и треба да се воздржи од носење на мнозински одлуки според политичките табори. Треба сериозно да се размисли за назначување на значителен број на членови на Комисијата кои се со докажана независност и немаат никакви партиски врски.

· Времетраењето на неправилностите, или времетраењето на нивното откривање не треба да претставуваат пречка за нивна ефективна истрага од страна на Државната изборна комисија.

· Комисијата треба проактивно да ги извршува своите широки овластувања и да презема сопствени иницијативи, според нејзиниот овластувања. Не може да се спречи себе си да ги оценува неправилностите на минати избори, како што неодамна беше откриено, со едноставен аргумент дека изборниот процес е затворен.

· Финансирањето на партиите треба да ги почитува постојните правила, на пример во однос на рекламирањето или употребата на јавни средства и јавна администрација за партиски активности. Би можело да се размисли за воведување на роковите за Државната комисија за спречување на корупција да ги испита жалбите за злоупотреба на државни средства во текот на кампањата и треба да се обезбедат потребни средства за нивно навремено решавање во согласност со неисполнетите препораки на ГРЕКО и ОДИХР

**5.4. Клевета (Намалување на бројот на случаи на клевета што стигнуваат во судовите што треба да се постигне преку):**

**Препораки од групата од високи експерти за системските прашања за владеење на правото: 5. Медиуми**

· Сите медиуми треба да се ослободени од каков било политички притисок без мешање или заплашување

· Медиумите треба да се дистанцираат од партиската политика и не треба да им стојат на располагање на политичарите и политичките партии

· Јавниот сервис треба да тежнее да биде целосно непартиски и независен од политички, комерцијални и други влијанија и идеологии и да придонесе за информирано граѓанство.

· Медиумите играат особено важна улога во ситуација на политичка криза. Во јавен интерес нивна задача е да се откријат можните недостатоци во функционирањето на државата или општеството. Според тоа, јавните тела треба да се воздржат од обесхрабрување на медиумите да ја извршуваат својата задача.

· Дејствијата на клевета не треба да се користат како средство за задушување на дебатата или спречување на јавните личности да се повикаат на отчетност. Постои особено загриженост кога политичарите тужат новинари за клевета, но и кога тужат и други политички личности, наместо да ги решаваат нивните разлики преку други средства како јавна дебата.

· Судовите треба на балансиран начин да ги решаваат тужбите за клевета, независно од можните политички влијанија на одреден случај. Судовите треба да развијат јасна и предвидлива практика за заштитата на слободата на изразување во поглед на тужбите за клевета. Медијацијата и саморегулацијата треба да играат важна улога во намалувањето на големиот број на случаи кои доаѓаат до судовите. Треба да се размисли за проширување на опфатот на сегашните законски горни граници за одговорноста на медиумите за клевета на сите видови на обвинети.

· „Купувањето“ на политичка поддршка од медиумите преку финансиска поддршка на медиумските куќи е неприфатливо. Треба да се спроведуваат строги правила за владиното рекламирање.

· Треба да бидат транспарентни сопственоста и финансирањето на медиумите

· Работните услови на новинарите треба да се подобрат за да се намали самоцензурата.